# СЛУЖБЕ Н Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка<br>Издавач : Општина Крива Паланка<br>Излегува по потреба** | **Број 5<br><br>11.04.2023** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 5 став (2) алинеја (2) од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), член 13 став (1) и член 14 став (1) од Уредбата за методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определување на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/11) и член 14, став (1), точка (39) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10,12/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21 и 01/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 10.04.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за отпочнување на постапка за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Крива Паланка од сите ризици и опасности**

**Ч л е н 1**

Со оваа одлука на Советот на Општина Крива Паланка, започнуваат активностите за редовно ажурирање на **Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Крива Паланка од сите ризици и опасности** (донесена од Советот на Општина Крива Паланка со Одлука бр.07-3216/53 од 29.12.2014 година), координирани од страна на ПО Регионален центар за управување со кризи - Крива Паланка.

**Ч л е н 2**

Оваа одлука влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка”.

**Бр. 09- 1788/3**
**10.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за отпочнување на постапка за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Крива Паланка од сите ризици и опасности**

1.Се објавува Одлука за отпочнување на постапка за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Крива Паланка од сите ризици и опасности,што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на ден 10.04.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –1788/ 4**
**11.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), и член 14, точка 28 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10,12/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21 и 01/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 10.04.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Извештај за рабата на ЈП „Комуналец’ – Крива Паланка за 2022 година**

Член 1

1.Со оваа Одлука се усвојува Извештајот за работа на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка за 2022 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09- 1788/5**
**10.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Извештај за работа на ЈП ,,Комуналец’’-Крива Паланка за 2022 година**

1.Се објавува Одлука за усвојување на Извештај за работа на ЈП ,,Комуналец’’-Крива Паланка за 2022 година ,што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на ден 10.04.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –1788/ 6**
**11.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 14 став 1 точка 10 и 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр. 08/10,12/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21 и 01/23), член 12 став 1 точка 4 и став 2, член 14 став 2 и 3 и член 42 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 10.04.2023 година, ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**

**за превентивна дезинсекција и дератизација во**

**Општина Крива Паланка за 2023 година**

## 1. ВОВЕД

Уништувањето на комарците односно намалување на бројноста на популацијата до ниво на толеранција, како и уништување на контролата на синантропни и хемисинантропни глодари односно намалување на бројноста на популацијата до ниво на толеранција е неопходност и се спроведува поради две причини:

- Квалитет на живеење;
- Епидемиолошки интерес – заразените комарци и заразените глодари се биолошки вектори (преносители на заразна болест). Дистрибуцијата на векторпреносливите заболувања е детерминирана со комплексна динамика на еколошки и социјални фактори. Глобализација во патувањата и трговија, непланирана урбанизација и влијание во пренесување на болестите во последниве години.

Како резултат на глобалното затоплување и климатските промени постои можност за зголемување на бројот на заразни заболувања и појава на заболувања кои веќе се искоренети или биле присутни во минатото, како и појава на заболувања кои не се карактеристични за нашето подрачје со можност за појава на тропски и суптропски болести кои ги пренесуваат комарците и други вектори. Поволните природни услови и микроклиматски погодности обезбедуваат стално присуство на бројни популации на комарци и други штетни инсекти во Крива Паланка. Присуство на комарци, крлежи и други штетни инсекти е перманентно присутен проблем кој мора да се решава и со тоа да се придонесе за обезбедување на поставената општествена цел – заштита на населението од штетните делувања на овие биолошки врсти.

Глувците и стаорците се секогаш во близина на луѓето и домашните животни и пренесувањето на патогените е секогаш можно и големо. Патогените се пренесуваат преку загадувањето на храна, вода, (преку урина, плунка, измет), контакт, алиментарен пат, воздух, инсекти кои се хранат со крв (крлежи, комарци, болви, вошки и тн.), каснување. Способноста на штетните глодари да се прилагодуваат на секакви условии типови на живеалишта, нивна

деструктивност во местата каде што се присутни, големиот репродуктивен потенцијал и пренесувањето на причинителите на заразните болести ја наметнуваат потребата за нивно уништување.

Заради тоа, неопходно е темелно проучување на екологијата и дистрибуцијата на векторските организми.

Болестите при кои причинителот на заболувањето се пренесува од еден на друг домаќин преку живи преносители (вектори) се нарекуваат трансмисиони заразни болести. Векторите кои ги пренесуваат овие заболувања припаѓаат на артроподите, а главно тоа се инсектите и крлежите. Од етиолошки аспект многубројни се заболувањата со вирусна етиологија, но таа може да биде и бактериска, рикециска и протосоидна. Кај најголем број на овие заболувања резервоар и извор на заразата се дивите животни и птици, а многу ретко извор на заразата е човекот.

Болести кои се пренесуваат преку векторите се идентификувани како можна закана од примарна важност за Република Северна Македонија во однос на климатските промени се: Зика вирусна инфекција, Конго – кримска хеморагична треска, Треска од западен Нил, Хеморагична треска, Чукунгунија, Лајмска борелиоза, Лајшманиоза, Маларија, Денга и Рикеција коноири.

На територијата на општина Крива Паланка има диви депонии кои претставуваат идеални места за размножување и опстанок на глодарите и инсектите . Има и површини (повремени и стални) со стоечка вода (езерца, бари, канали, поплавени ливади и сл.) во кои се одвива првиот стадиум од животниот циклус на комарците.

Појавата и потенцијалананата опасност или закана од појава на заболувања пренесени преку комарците и другите вектори, ги наметнува под итно примената на на општите мерки за спречување на појавата, раното откривање, спречување на ширењето и сузбивањето на заразните болести.

Активности кои треба да се превземат се:

- Подигнување на свеста на населението преку медиумите;
- Теренска проценка на околината во тек на цела година;
- Мапирање на сите стоечки води, бари, мочуришта на територијата на општината Крива Паланка;
- Употреба на заштитни мрежи на вратите и прозорците на домовите;
- Примена на заштитни средства во облик на лосион, аеросол спреј или крем за кожата и за облека кои ги одбиваат комарците;
- Носење соодветна облека која ќе ги покрива откриените делови од телото, облека со долги ракави и долги пантолони;
- Отстранување на високи треви, средување на земјиштето каде што се кријат крлежите;
- Редовно чистење на олуците за да се овозможи истекување на водата;

- Да се отстранат застојни води (бари) по дворовите, во буриња, канти, пластични шишиња и чаши, автомобилски гуми и сите други предмети каде се задржува вода, која претставува средина за множење на комарци;
- Да се одбегнува излегување и престој надвор во зори или во самрак кога комарците се најактивни.

Како специфична мерка за заштита претставува **превентивната дезинсекција**. Дезинсекцијата има за цел редукција на инсектите и нивно доведување на едно биолошко ниво, со што во голема мерка ќе се допринесе во подобрување и зачувување на здравјето на луѓето и обезбедување на здрава околина.

Превентивната дезинсекција се изведува во две фази и тоа:

- Ларвицидна дезинсекција – уништување во фаза на ларва; и
- Адултицидна дезинсекција – уништување на возрасни единки на комарецот.

Штетните глодари се извори и преносители на многу заразни болести на човекот и домашните животни, меѓу кои има и такви кои можат да се јават во епидемиска форма (Туларемија, Бруцелоза, Лептиспироза, Чума, Салмонелоза, Беснило, Трихинелоза итн.). Поради тоа уништувањето е значајна мерка во заштита на човековото здравје и спречување на заразни заболувања кај животните. Превентивните мерки не служат само за директно уништување на глодарите туку се превземаат со цел да се создаваат услови за намалување или потполно исклучување на можностите за населување на глодарите во различни објекти или на отворени површини. Климатските промени би можело да влијаат и на дистрибуцијата и активностите на глодарите. Глодарите се резрвоар на голем број на болести и популацијата на глодарите подлежи под влијание на временските услови.

Задолжителна и системска дератизација во населените места треба да се спроведе заради:

- Отстранување на ризикот од појава и ширење на заразните болести кои ги пренесуваат глодарите;
- Отстранување на економските штети кои настануваат како последица на уништувањето и загадувањето на храната од страна на глодарите;
- Спречување на контаминација на објектите

## 2. ЦЕЛИ

Целта на оваа Програма е интегрирано сузбивање на заразните болести предизвикани од живи преносители (вектори). Заради заштита на населението од заразни болести, штетници и глодари потребно е превземање на превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка.

Со оваа Програма:

- се регулира потребата од сузбивање на штетниците и глодарите;

- се утврдуваат активностите за спроведување на оваа програма;
- се утврдува територијата на која ќе се спроведе дезинсекција и дератизација ( површина и објекти);
- се утврдува правното лице кое ќе ја спроведува дезинсекцијата и дератизацијата;
- се утврдува начинот на финансирање.

## 3. АКТИВНОСТИ

Аеросолната дезинсекција на територијата на Крива Паланка може да се спроведе по пат на авиодезинсекција и терестична дезинсекција.

Во 2022 година се предвидува да се извршат4 (четири) дезинсекции и тоа:

- Една ларвицидна дезинсекција; и
- Три адултицидни дезинсекции.

Ларвицидната дезинсекција ќе се изврши по пат на терестичка дезинсекција (од земја со генератор) и со истата земјаќи ја во предвид територијата на општина Крива Паланка, ќе бидат опфатени канали, поплавени ливади и сите оние места каде што водата останува повеќе од 5 дена. По извршено мапирање определни се локации за вршење на терестичка дезинсекција и тоа:

- Рибник Жедилово, со површина од околу 0,05 хектари; и
- Конопнички ливади, со површина од околу 0,05 хектар.

Опфатените површини се земени во предвид поради можноста на истите да има стоечка вода која што останува повеќе од 5 дена. Вкупно предвидена површина за вршење на ларвицидна дезинсекција изнесува 0,10 хектари.

Периодот на извршување на ларвицидната дезинсекција започнува со месец март 2023 година и истата треба да се изврши кога дневната температурата изнесува 15°-20°C, континуирано 5-10 дена, со ноќна температура не пониска од 6°C над нулата.

Адултицидната дезинсекција ќе се изврши со 3 (три) авиодезинсекции со кои ќе се опфати урбаниот дел на општината со површина од 330 хектари. Првата авиодезинсекција е планирано да се изврши во месец јуни, втората на почеток од јули, додека третата кон крај на месец јули и почеток на август.

Конкретните датуми на извршување на дезинсекцијата ќе бидат утврдени согласно временските услови во договор со овластените правни лице кое ќе ги вршат ларвицидната и адултицидната дезинсекција. При неповолни временски услови назначените термини се одложуваат за првиот нареден временски поволен термин.

Граѓаните навремено ќе бидат известени за денот и времето на извршување на ларвицидната и адултицидните дезинсекции.

Дератизацијата на територијата на општина Крива Паланка ќе биде организирана од страна на ЈКП „Комуналец“ Крива Паланка преку склучување на договор со овластено правно лице регистрирано за вршење на таа дејност. Дератизацијата на територијата на општина Крива Паланка ќе се спроведе со поставување на мамци на 110 предвидени отвори на шахти на постоечката канализациона мрежа и отвори што служат за собирање на атмосферска вода. Дератизацијата ќе биде спроведена во два наврати и тоа:

- Пролетна (март - април);
- Есенска (октомври - декември).

## 4. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Спроведувањето на оваа Програма Општина Крива Паланка ќе ја реализира во соработка со ЈП Комуналец – Крива Паланка, како и во соработка со Ј.З.У „Центар за јавно здравје – Куманово.

За реазлизирање на активностите за ларвицидната и адултицидните дезинсекции предвидени со Програмата, Општина Крива Паланка ќе спроведе јавна набавка за избор на правни лица кое ќе ги спроведат ларвицидната и адултицидните дезинсекции.

За реализација на активноста за превентивна дератизација ЈП Комуналец ќе изврши евидентирање на површините за третирање, точките во канализациониот систем и отворите што служат за собирање на атмосферска вода каде ќе се врши дератизација, отстранување на дивите депонии од јавните површини пред почеток на процесот на дератизација, како и спроведување на јавна набавка за избор на правно лице кое ќе ја спроведе превентивната дератизација.

За текот на спроведување на активностите, како и за датумите во кои е предвидено спроведувањето на превентивната дезинсекција и дератизација, населението на општина Крива Паланка ќе биде известувано преку веб страницата на Општина Крива Паланка (www.krivapalanka.gov.mk).

## 5. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Со реализација на оваа Програма се очекуваат следните резултати:

- Спроведување на редовна годишна превентивна дезинсекција и дератизација;
- Унапредување на здравјето на граѓаните на Општина Крива Паланка и заштита од заразни заболувања;
- Ставање под контрола на размножувањето на штетниците и глодарите.

## 6. ФИНАНСИРАЊЕ

За спроведување на предвидените ларвицидна и адултицидна дезинсекција се планирани 610.000 денари (без ДДВ) од буџетот на Општина Крива Паланка.

За спроведување на предвидената дератизација се планирани 150.000 денари (без ДДВ) од буџетот на ЈП „Комуналец“ Крива Паланка.

**7. НАДЗОР**

Надзор над извршувањето на Програмата врши Секторот за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура.

Контрола за спроведената дезинсекција и дератизација врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

**8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ке се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-1788/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**10.04.2023 год.** **Претседател,**

**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2023 година**

1.Се објавува Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2023 година ,што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на ден 10.04.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –1788/ 8**
**11.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за Локалната Самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 14 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21 и 01/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 10.04.2023 година, донесе

# ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2023 година

**Член 1**

Со оваа Програма се врши измена и дополнување на Програмата за Локален Економски Развој за 2023 година бр. 09-4556/23 донесена од страна на Советот на општина Крива Паланка на Седницата одржана на 07.12 2022 година, објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 14/22.

**Член 2**

Во Програмата за Локален Економски Развој за 2023 година се менува точка **9.Поттикнување на развој на туризмот**, при што се менуваат потточките 9.1, 9.2 и 9.3, се додаваат нови потточки 9.4, 9.5 и 9.6, а постоечката потточка 9.2 станува 9.8 и постоечката потточка 9.3 станува 9.7, и согласно наведените измени и дополнувања точка 9 гласи:

**9.Поттикнување на развој на туризмот**

9.1. Формирање на СОВЕТ ЗА ТУРИЗАМ

Оваа активност предвидува формирање на ново оперативно тело составено од членови преставници на релевантните чинители во туризмот: општината, музејот, граѓанските организации и приватниот сектор. Задачата на телото ќе се уреди со деловник за работа, а ќе има за цел развој и унапредување на туризмот во општина Крива Паланка.

9.2. Разработка на нов туристички слоган и лого

Оваа активност предвидува разработка и спроведување на јавен конкурс за нов туристички слоган и туристичко лого односно бренд и брендирање на Крива Паланка како туристичка дестинација со нови и визуелно атрактивни слоган и лого.

9.3. Подготовка, дизајн и печатење на нов (ре)брендиран промотивен туристички материјал;

Оваа активност предвидува публикување на нови и ребрендирани промотивни материјали за туристичка промоција на Крива Паланка (туристички водич, туристичка мапа, туристички знаци, информ. табли и сл).

9.4. Реактивирање веб страната visitkrivapalanka.com

Оваа активност предвидува ставање во функција на веб страната за промоција на туризмот visitkrivapalanka.com и разработка на алатки за онлајн туристичка инфо точка.

9.5 Вклучување на Крива Паланка во платформата Macedonia from above

Оваа активност предвидува вклучување на општина Крива Паланка во проектот Македонија на Дланка – визуелен 360° туристичко-географски водич низ Македонија“, т.е. 360° визуелно претставување на локации низ Општината на интернет сајтот „www.macedoniafromabove.mk“.

9.6 Мапирање на потенцијални стоп места (stop and spent points) за транзитен туризам долж обиколната улица (М2) во Кр. Паланка и изработка на план за нивно уредување;

Оваа активност предвидува мапирање на потенцијални стоп места долж обиколната улица (М2) во Кр. Паланка и изработка на план за нивно турист. уредување како места за застанување, одмор, храна, рекреација, сувенири и сл. со цел подобрување на економскиот бенефит од транзитниот туризам;

9.7. Креирање и збогатување на туристичкиот потенцијал и понуди со посебен акцент на алтернативниот и руралниот туризам.

Со оваа активност се предвидува организирање на промотивни активности од различни области ( кулинарски, традиционални и сл.настани кои ќе внимаваат на намалување на родовите стереотипи и ќе промовираат прогресивно и рамноправно демократско општество).

9.8 Продлабочување на соработката со збратимени општини со фокус на можностите за развој на разни видови туризам .

## Член 3

Согласно промените во Програмата истакнати во член 2 на оваа Програма се менува и Акцискиот План во Програмата за точка 9 – Поттикнување на развој на туризмот, составен дел од оваа Програма, и тоа на следниот начин:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9.1. Формирање на СОВЕТ ЗА ТУРИЗАМ | 2023 | Формиран совет за туризам | Општинска администрација<br>Градоначалник | 10.000,00 | 426210 Г1 |
| 9.2. Разработка на нов туристички слоган и лого; | 2023 | Објавување на јавен конкурс; избор на решенија | Општинска администрација<br>Совет за туризам<br>Надв. комисија | 60.000,00 | 425990 Г1 |
| 9.3. Подготовка, дизајн и печатење на нов (ре)брендиран промотивен туристички материјал; | 2023 | Изготвен промотивен материјал кој ги зема предвид | Општинска администрација<br>Градски музеј | 300.000,00 | 425920 Г1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | општествените нееднаквости меѓу мажите и жените | Надвор. соработници | | |
| 9.4. Реактивирање веб страната visitkrivapalanka.com | 2023 | Договор за превземање; (хостинг; домејн), ре-дизајн | Општинска администрација<br><br>Надвор. соработници | 30.000,00 | 425990 Г1 |
| 9.5 Вклучување на Крива Паланка во платформата Macedonia from above<br>Оваа актиност предвидува вклучување на општина Крива Паланка во проектот Македонија на Дланка – визуелен 360º туристичко-географски водич низ Македонија“, т.е. 360° визуелно претставување на локации низ Општината на интернет сајтот „www.macedoniafromabove.mk“. | 2023 | Изготвен промотивен материјал кој и застапеност во платформата на минимум 7 тур. локации, минимум 5 манифестации и минимум 10 угостителски и сместувачки капацитети | Општинска администрација<br><br>Градски музеј<br><br>Надвор. соработници<br><br>Економски оператор | 60.000,00 | 425990 Г1 |
| 9.6 Мапирање на потенцијални стоп места (stop and spent points) за транзитен туризам | 2023 | Мапирани мин, 3 локации и изготвен план за уредување и управување | Општинска администрација<br><br>Совет за туризам<br><br>Надвор. соработници | 45.000,00 | 425990 Г1 |
| 9.7. Креирање и збога-тување на тури-стичкиот потенцијал и понуди со посебен акцент на алтернативниот и руралниот туризам. | 2023 | Организирани промотивни активности од различни области (кулинарски, традиционални и сл.настани кои внимаваат на намалување на родовите стереотипи) | Општинска администрација<br><br>Совет за туризам<br><br>Градоначалник | 120.000,00 | 426310 Г1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9.8 Продлабочување на соработката со збратимени општини со фокус на можностите за развој на разни видови туризам . | 2023 | Организација на заеднички состаноци, настани и манифестации | Општинска администрација<br><br>Градоначалник | 100.000,00 | 426310 Г1 |

**Член 4**

Оваа Програма за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој за 2023 година влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се применува по нејзино објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09 - 1788/9**
**10.04. 2023 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2023 година**

1.Се објавува Програма за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2023 година ,што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на ден 10.04.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –1788/ 10**
**11.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 14 став 1 точка 39 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10,12/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21 и 01/23 ), а во врска со член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), Советот на Општина Крива Паланка на Седницата одржана на ден 10.04.2023 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за разрешување на член на Управниот Одбор на ЈП „Калин Камен “ - Крива Паланка**

1. Се разрешува Игор Пешовски од член на Управниот Одбор на ЈП „Калин Камен “ по негово барање .

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09- 1788/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**10.04.2023 година** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Решение за разрешување на член на Управниот Одбор на јп ,,Калин Камен’’-Крива Паланка**

1.Се објавува Решение за разрешување на член на Управниот Одбор на јп ,,Калин Камен’’-Крива Паланка,што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на ден 10.04.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –1788/ 12**
**11.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) , член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18) и „ Службен весник на РСМ“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22 ), одредбите од Колективен договор за административните службеници и другите вработени во Општина Крива Паланка 08-4078/1 од 21.10.2022 година и член 14 став1, точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен Гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021 и 01/2023), Советот на Општина Крива Паланка на 24-та седница одржана на 10-ти април 2023 година, донесе:

**Одлука за измена на Одлуката**

**за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година број 09-4898/13 од 22.12.2022 („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 15/22), во членот 9, став 1, точка 1 се менува и гласи:

„Коефициентот за утврдување на плата на избрани и именувани лица Градоначалник се определува според број на жители и за општина Крива Паланка изнесува 2.90 а вредноста на коефициентот на плата на избрани и именувани лица во РСМ е просечна исплатена плата по вработен во Република Северна Македонија за претходна година, според официјални податоци објавени од страна на Државен завод за статистика“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крива Паланка“ , а ќе се применува од 23.03.2023 година.

**Бр. 09-1788/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**10. 04. 2023 година** **Претседател**

**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година**

1.Се објавува Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година ,што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на ден 10.04.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –1788/ 14**
**11.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.05/02) и член 14 став 1 точка 10 и 39 од Статутот на Општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010,12/10 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021 и 01/2023), а во врска со Програмата за образование на Општина Крива Паланка за 2023 година бр.09-4665/9 од 07.12.2022 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 10.04.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче во учебната 2023/2024 година на територијата на Општина Крива Паланка.**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува еднократна парична помош на семејства со прваче, запишано во основните училишта во општина Крива Паланка и со адреса на живеење на територијата на Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Еднократната парична помош на семејства со прваче изнесува 3.000,00 денари.

**Член 3**

За остварување на правото на еднократна парична помош од член 2 на оваа Одлука, родителите/старателите на првачето се должни кон барањето да приложат потврда за запишан ученик во прво одделение во учебната 2023/2024 година заверена од основното училиште од територија на општина Крива Паланка (оргинал) ,фотокопија од извод од матична книга на родените (за првачето), фотокопија од важечка лична карта или патна исправа за еден од родителите/старателите од кој се видни податоците за живеалиштето во општина Крива Паланка, фотокопија од активна трансакциска сметка за истиот родител/старател (даночен обврзник) од кој е приложена копија од лична карта или патна исправа

**Член 4**

За спроведување на оваа Одлука се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Крива Паланка.

Средствата за исплата на еднократен финансиски надоместок од членот 2 на оваа Одлука се обезбедуваат од Буџетот на Општина Крива Паланка.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-1788/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**10.04.2023 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче во учебната 2023/2024 година на територијата**

**на Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче во учебната 2023/2024 година на територијата на Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на ден 10.04.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –1788/16** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**11.04.2023 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член34 и 35 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници ( Службен весник на РМ бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13 ) член 36 став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) ,член 14 став 1 точка39одСтатутотнаОпштинаКриваПаланка („СлужбенгласникнаОпштинаКриваПаланка“ бр. бр. 08/10,12/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21 и 01/23) и Одлуката на Училишниот одбор при СОУ Ѓорче Петров бр.02-222/2 од 07.02.2023 година за усвојување на извештај за извршен попис на средства и извори на средства на крај од 2022 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 10.04.2023година донесе

**О Д Л У К А**

**За давање на согласност за отпис на основни средства на СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка врз основа на Одлука на УО при СОУ„ Ѓорче Петров“ за усвојување на извештај за извршен попис на средства и извори на средства на крај на 2022 година во СОУ „Ѓорче Петров“**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност за отпис на основни средства на СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка врз основа на Одлука на УО при СОУ„ Ѓорче Петров“ за усвојување на извештај за извршен попис на средства и извори на средства на крај на 2022 година во СОУ „Ѓорче Петров“

Член 2

Опремата што се отпишува е дадена по спецификација како што следи.

| НАЗИВ | количина | Набавнавредност | Исправканавредност | Сегашнавредност | Ревалориз. вредност | просторија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| KBM,CBM,2TMSLison | 1 | 1554 | 1554 | 0 | 1787 | Електро кабинет |
| Мрежнакартица | 1 | 21704 | 21704 | 0 | 24960 | |
| Леднапојување 8w | 1 | 406 | 406 | 0 | 467 | |
| Леднапојување 24w | 1 | 511 | 511 | 0 | 588 | |
| ARD-MOTsmau | 1 | 1621 | 1621 | 0 | 1864 | |
| Mot212 2000/4000pm | 1 | 246 | 246 | 0 | 283 | |
| MPHA4100 AGU | 1 | 3889 | 3889 | 0 | 4472 | |
| Термопечка | 1 | 13605 | 13605 | 0 | 15646 | информатика |
| Термопечка | 1 | 11406 | 11406 | 0 | 13117 | канцеларии |
| -постољезатермопечка | 1 | 1031 | 1031 | 0 | 1186 | |

Вкупно :55973 Реввред. 64370

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09-1788/17**
**10.04. 2023година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување Одлука за давање согласност за отпис на основни средства на СОУ ,,Ѓорче Петров’’Крива Паланка врз основа на Одлука на УО при СОУ ,,Ѓорче Петров’’за усвојување на извештај за извршен попис на средства и извори на средства на крај на 2022 година во СОУ ,,Ѓорче Петров ‘’**

1.Се објавува Одлука за давање согласност за отпис на основни средства на СОУ ,,Ѓорче Петров’’Крива Паланка врз основа на Одлука на УО при СОУ ,,Ѓорче Петров’’за усвојување на извештај за извршен попис на средства и извори на средства на крај на 2022 година во СОУ ,,Ѓорче Петров,што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на ден 10.04.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –1788/18**
**11.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) , одредбите од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (Службен весник на РМ бр.176/21 ) одредбите од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), и член 14 став 1 точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр. 08/10,12/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21 и 01/23) а во врска со Договорот за меѓусебна соработка склучен помеѓу Општина Крива Паланка бр. 08-2816/1 од 19.02.2022 година и ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје бр.0307-117/1 од 19.07.2022 Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 10.04.2023 година донесе

## О Д Л У К А

### За давање на согласност за отстапување на електронска и електрична опрема од СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка на ЕЛКОЛЕКТ ДОО од Скопје

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност со електронскиот и електричниот отпад на СОУ „Ѓорче Петров“ кој е расходуван, а се наоѓа во просториите на СОУ „Ѓорче Петров“ да располага наведената фирма за електронски и електричен отпад ЕЛКОЛЕКТ ДОО од Скопје.

Член 2

Согласно одредбите од Договорот за меѓусебна соработка склучен помеѓу Општина Крива Паланка бр. 08-2816/1 од 19.02.2022 година и ЕЛКОЛЕКТ ДОО од Скопје бр.0307-117/1 од 19.07.2022 се задолжува ЕЛКОЛЕКТ ДОО да ја превземе расходуваната електронска и електрична опрема од СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09-1788/19**
**10.04. 2023 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање согласност за отстапување на електронска и електрична опрема од СОУ ,,Ѓорче Петров’’Крива Паланка на**

**ЕЛКОЛЕКТ ДОО од Скопје**

1.Се објавува Одлука за давање согласност за отстапување на електронска и електрична опрема од СОУ ,,Ѓорче Петров’’Крива Паланка на ЕЛКОЛЕКТ ДОО од Скопје,што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на ден 10.04.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –1788/20**
**11.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 80-а од Законот за градење („Службен весник на Р.М.“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Р.С.М.“ бр.244/19, 18/20, 279/20, 96/21 и 227/22), член 14 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21 и 01/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 10.04.2023 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка**
**Член 1**

Се врши измена и дополнување во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка, број 09-3771/83 од 03.12.2021 година, објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.14 од 06.12.2021 година, Измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка број 09–767/33 од 14.03.2022 година, објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.4 од 15.03.2022 година, Измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка број 09-2874/41 од 29.07.2022 година објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.8 од 01.08.2022 година и Измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка број 09-4665/57 од 07.12.2022 година објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.14 од 09.12.2022 година.

**Член 2**

Измените и дополнувањето во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка, се вршат во член 10, став 3 од Програмата, а се однесува во графичкиот прилог каде се додава нова скица со локација бој 7 за поставување на тезги, Монтажно – демонтажни типски објекти и платформи, каде што во локација број 7 од цитираната скица се дадени два графички прилози и тоа:
-Прилог 1 за тезги и типски објекти,
-Прилог 2 за платформи.

**Член 3**

Прилог на оваа Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка е нов графички прилог од две скици (скици за локација број 7, една за поставување на тезги и Монтажно – демонтажни типски објекти и втора за платформи).

**Член 4**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-1788/21** **Совет на Општина Крива Паланка**
**10.04.2023 год.** **Председател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на ден 10.04.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –1788/22**
**11.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 47 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр.32/20), член 131 од Законот за водите („Службен весник на Р.М.“бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/12, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16и „Службен весник на Р.С.М.“ бр.151/21) и член 14 став 1 точка 39 од Статутот на општината Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 08/14, 02/18, 3/19, 08/21 и 01/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 10.04.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за определување на ширина на крајбрежен појас на водотеците**

**Дол „Бабин Дол“, „Дол Житен Склад“, „Дол Грамаѓе 4“ и Дол „Ицев Дол“**

**во градот Крива Паланка опфатени со урбанистички планови**

Член 1

Со оваа Одлука се определува ширина на доловите Дол „Бабин Дол“, Дол „Житен Склад“, Дол „Грамаѓе 4“ и Дол „Ицев Дол“ во градот Крива Паланка опфатени со урбанистички планови, а заради заштита и одржување на природното и уреденото корито на брегот на водотекот.

Член 2

Ширината на доловите Дол „Бабин Дол“, Дол „Житен Склад“, Дол „Грамаѓе 4“ и Дол „Ицев Дол“ во градот Крива Паланка опфатени со урбанистички планови од крајна линија на регулација на корито ќе изнесува:

I. За бреговите на доловите Дол „Бабин Дол“, Дол „Житен Склад“, Дол „Грамаѓе 4“ и Дол „Ицев Дол“ во општина Крива Паланка ќе изнесува 5,00 метри и тоа за следниве долови:

- Дол „Бабин Дол“
  со почетна точка 1 со кординати x4674952,6455 y7611897,5113 и крајна точка 2 со кординати x4675085,7197 y7611494,0485 според Хидролошка студија со тех.број x-673/2022 и попречен профил со ширина 2.0м и висина 1.0м.;

- Дол „Дол Житен Склад“
  со почетна точка 1 со кординати x4673025,9670 y7610076,6550и крајна точка 2 со кординати x4673674,4428 y7609857,7518 според Хидролошка студија со тех.број x-673/2022 и попречен профил со ширина 0.7м и висина 1.0м.;

- Дол „Дол Грамаѓе 4“
  со почетна точка 1 со кординати x4672098,2100 y7607819,3157и крајна точка 2 со кординати x4672584,1165 y7607824,9616 според Хидролошка студија со тех.број x-673/2022 и попречен профил со ширина 1.0м и висина 1.0м.;

- Дол „Ицев Дол“
  со почетна точка 1 со кординати х4671685,0825 у7607456,2770 и крајна точка 2 со кординати х4672517,6892 у7607488,6312 според Хидролошка студија со тех.број х-673/2022 и попречен профил со ширина 1.0м и висина 1.0м. .

Член 3

Постојните објекти кои се изградени на помало растојание од горенаведеното останувaат и понатаму да функционираат.

Член 4

Доколку се јави неопходна потреба од изградба на нов објект на помало растојание од горенаведените, истата би можело да се предвиди со претходно добиена согласност од органот надлежен за управување со води.

Член 5

Оваа Одлука се донесува согласно Предлог - Одлука од Градоначалник со број 29-806/2 од 20.02.2023 година и Решение со согласност со број уп1-1/5-265/2023 од 16.03.2023 година издадена од МЖСПП-Сектор за животна средина, Сектор за води.

Член 6

Одлуката ќе се применува при донесување, изменување и дополнување на одлуки за донесување на урбанистички планови.

Член 7

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката број 09-379/23 од 30.01.2023 година, објавена во “Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр. 01/23.

Член 8

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во ,,Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-1788/23**
**10.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на водотеците Дол „Бабин Дол“, „Дол Житен Склад“, „Дол Грамаѓе 4“ и Дол „Ицев Дол“во градот Крива Паланка опфатени со урбанистички планови**

1.Се објавува Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на водотеците Дол „Бабин Дол“, „Дол Житен Склад“, „Дол Грамаѓе 4“ и Дол „Ицев Дол“во градот Крива Паланка опфатени со урбанистички планови,што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на ден 10.04.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –1788/24**
**11.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), член 14 став (1) точка (39) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21 и 01/23), а согласно член 7 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 302/20 и 122/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 10.04.2023 година, донесе:

# ОДЛУКА

За изменување на Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Крива Паланка бр. 09-3718/29 од 30.09.2022 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување на Одлуката за времено уредување на јавни површини бр. 09-3718/29 од 30.09.2022 година, објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 10/22.

**Член 2**

Во член 6 зборовите „Јавното претпријатие Комуналец– Крива Паланка (во натамошниот текст: ЈП Комуналец Крива Паланка)” се заменува со зборовите „Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка (во натамошниот текст: ЈП Калин Камен Крива Паланка) ”.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09-1788/25**
**10.04.2023 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за изменување на Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Крива Паланка бр.09-3718/29 од 30.09.2022 година**

1.Се објавува Одлука за изменување на Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Крива Паланка бр.09-3718/29 од 30.09.2022 година,што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на ден 10.04.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –1788/26**
**11.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02),член 62 од Закон за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр.32/2020) и член 14 став 1 точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21 и 01/23),по предлог на Градоначалникот , Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 10.04. 2023 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА**

**СОСТАВЕН ДЕЛ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ЛОКАЛИТЕТ ДО ЕЗЕРЦЕ, КО Б’С ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка донесе план за парцелација , составен дел на Урбанистички Проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со намена Б5 Хотелски Комплекси на ГП 1.1. од АУП за дел од КП 379, Локалитет до Езерце, КО Б`С, Општина Крива Паланка тех.бр.04-14/2023 од март 2023 година изработен од ДПИГК Параметар ДООЕЛ Скопје .

**Член 2**

Ова Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-1788/27**
**10.04.2023 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за донесување план за пацелација составен дел на Урбанистички Проект со план за парцелација за Локалитет до Езерце**

**КО Б’С,Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за донесување план за пацелација составен дел на Урбанистички Проект со план за парцелација за Локалитет до Езерце КО Б’С,Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на ден 10.04.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –1788/28**
**11.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 29 став 7 и член 38 став 2 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр.32/20), член 22 став 1 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“бр.5/02) и член 14 став 1 точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21 и 01/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на година донесе:

**ОДЛУКА**

за донесување на Урбанистички план вон населно место за изградба на Б5.1-хотелски комплекс, А4.1-згради со апартмани и студија, А4.3 викенд куќи на КП483/1, КП483/2, дел од КП483/3, КП485/8, КП485/9, КП485/10, дел од КП485/1, дел од КП487/1, дел од КП5408 КО Б`с и КО Крклја Општина Крива Паланка

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Урбанистички план вон населно место за изградба на Б5.1-хотелски комплекс, А4.1-згради со апартмани и студија, А4.3 викенд куќи на КП483/1, КП483/2, дел од КП483/3, КП485/8, КП485/9, КП485/10, дел од КП485/1, дел од КП487/1, дел од КП5408 КО Б`с и КО Крклја Општина Крива Паланка, планска површина од 12.834,00$м^2$ односно 1,28ха, урбанистичка документација со технички број 33/21 од март 2023 година, за плански период (2021-2026), изработена од ДУПИ „Планерис“ ДООЕЛ-Куманово.

Член 2

Граници на планскиот опфат на Урбанистички план вон населно место за изградба на Б5.1-хотелски комплекс, А4.1-згради со апартмани и студија, А4.3 викенд куќи на КП483/1, КП483/2, дел од КП483/3, КП485/8, КП485/9, КП485/10, дел од КП485/1, дел од КП487/1, дел од КП5408 КО Б`с и КО Крклја Општина Крива Паланка, се:

- на север границата започнува од точката 2 со координати 7616053.25, 4672426.79, се движи по општинскиот пат кон југоисток се до точка 39 со координати 7616126.11, 4672355.28

-на југ границата се движи по граница на к.п.483/1 се до точка 31 со координати 7516027.30, 4672289.19 каде свртува кон северозапад и се движи долж планираната пристапна улица „1„ се до точка 21 со координати 7615931.22, 4672412.60

-од тука границата се дижи по граница на к.п.485/8, ја заобиколува истата, продолжува кон исток долж северната граница на к.п.485/9 и 485/10 се до точка 10 со координати 7615994.9, 4672400.68

-на запад границата продолжува долж западната граница на к.п.483/1 се до точка 2.

Член 3

Составен дел на Урбанистички план вон населно место за изградба на Б5.1-хотелски комплекс, А4.1-згради со апартмани и студија, А4.3 викенд куќи на КП483/1, КП483/2, дел од КП483/3, КП485/8, КП485/9, КП485/10, дел од КП485/1, дел од КП487/1, дел од КП5408 КО Б`с и КО Крклја Општина Крива Паланка се:

-Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на Урбанистички план вон населно место за изградба на Б5.1-хотелски комплекс, А4.1-згради со апартмани и студија, А4.3 викенд куќи на КП483/1, КП483/2, дел од КП483/3, КП485/8, КП485/9, КП485/10, дел од КП485/1, дел од КП487/1, дел од КП5408 КО Б`с и КО Крклја Општина Крива Паланка;

- Согласност од Министерство за транспорт и врски-Сектор за уредување на просторот со број 21-2276/3 од 07.04.2023 година;

- Извештај од Јавна анкета и Јавна презентација со број 29-312/7 од 10.03.2023 година.

Член 4

Урбанистички план вон населно место за изградба на Б5.1-хотелски комплекс, А4.1-згради со апартмани и студија, А4.3 викенд куќи на КП483/1, КП483/2, дел од КП483/3, КП485/8, КП485/9, КП485/10, дел од КП485/1, дел од КП487/1, дел од КП5408 КО Б`с и КО Крклја Општина Крива Паланка, планска површина од 12.834,00м$^2$ односно 1,28ха, урбанистичка документација со технички број 33/21 од март 2023година, за плански период (2021-2026), изработена од ДУПИ „Планерис“ ДООЕЛ-Куманово, по извршено дигитално преклопување од страна на Агенција за катастар на недвижности го спроведува Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина при Општина Крива Паланка.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во ,,Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-1788/29**
**10.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за донесување на Урбанистички план вон населно место**

**за изградба на Б5.1-хотелски комплекс, А4.1-згради со апартмани и студија, А4.3 викенд куќи на КП483/1, КП483/2, дел од КП483/3, КП485/8, КП485/9, КП485/10, дел од КП485/1, дел од КП487/1, дел од КП5408 КО Б`с и КО Кркља Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за донесување на Урбанистички план вон населно место

за изградба на Б5.1-хотелски комплекс, А4.1-згради со апартмани и студија, А4.3 викенд куќи на КП483/1, КП483/2, дел од КП483/3, КП485/8, КП485/9, КП485/10, дел од КП485/1, дел од КП487/1, дел од КП5408 КО Б`с и КО Кркља Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на ден 10.04.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –1788/30**
**11.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Служвен весник на РМ 05/02) и член 14 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр. 08/10,12/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21 и 01/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 10.04.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Извештај за спроведување на Програмата за развој на Центарот за развој на Североисточен плански регион за 2022**

Член 1

1.Се усвојува Извештај за спроведување на Програмата за развој на Центарот за развој на Североисточен плански регион за 2022.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09- 1788/31**
**10.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Извештај за спроведување на Програмата за развој на Центарот за развој на Североисточен плански регион за 2022 година**

1.Се објавува Одлука за усвојување на Извештај за спроведување на Програмата за развој на Центарот за развој на Североисточен плански регион за 2022 година ,што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на ден 10.04.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –1788/32**
**11.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Служвен весник на РМ 05/02) и член 14 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр. 08/10,12/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21 и 01/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 10.04.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Годишен извештај за работа со Финансов извештај на Центарот за развој на Североисточен плански регион со завршна сметка за 2022**

Член 1

1.Се усвојува Годишен извештај за работа со Финансов извештај на Центарот за развој на Североисточен плански регион со завршна сметка за 2022 **.**

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-1788/33** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**10.04.2023 год.** | **Претседател**
**Крива Паланка** | **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа со Финансов извештај на Центарот за развој на Североисточниот плански регион со завршна сметка за 2022 година**

1.Се објавува Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа со Финансов извештај на Центарот за развој на Североисточниот плански регион со завршна сметка за 2022 година,што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на ден 10.04.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –1788/34**
**11.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21 и 01/23), ), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 10.04.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши usогласување на намените за к.п.бр. 6651/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа на ул.„Браќа Миладинови“ на к.п.бр.6651/1 во КО Крива Паланка сопственост на Република Македонија.

**Член 3**

На овој локалитет според постојниот Генерален урбанистички план за Крива Паланка е предвидено намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 4**

Со изработка на Детален урбанистички план за Крива Паланка за овој локалитет ќе се предвиди намена А1 домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-1788/35**
**10.04.2023 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.6651/1 во КО Крива Паланка ,Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.6651/1 во КО Крива Паланка ,Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на ден 10.04.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –1788/36**
**11.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21 и 01/23), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 10.04.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.5115/4 во КО Жидилово, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во село Жидилово на к.п.бр.5115/4 во КО Жидилово, Општина Крива Паланка сопственост на Р.М. Кор. А.Д.за телек. Мак. Телекомуникации.

**Член 3**

На овој локалитет нема урбанистички план за село Жидилово.

**Член 4**

Со изработка на урбанистички план за село Жидилово за овој локалитет ќе се предвиди намена Б4-деловни простории.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-1788/37**
**10.04.2023 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Председател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.5115/4 во КО Жидилово ,Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.6651/1 во КО Жидилово ,Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на ден 10.04.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –1788/38**
**11.04.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 2 од Статутарната одлука за изменување на Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 01/23), а согласно членовите 7 и 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), Комисијата за Статут и прописи при Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 10.04.2023 година го утврди Пречистениот текст на Статутот на Општина Крива Паланка.

Пречистениот текст на Статутот на Општина Крива Паланка ги опфаќа Статутот на Општина Крива Паланка –пречистен текст („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10), Статутарна одлука за измена на Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 12/10), Статутарна одлука за дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/14), Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 02/18), Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 03/19), Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/21) и Статутарна одлука за изменување на Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 01/23).

**Бр. 15-1829/19** **КОМИСИЈА ЗА СТАТУТ И ПРОПИСИ**

**10.04.2023 год.** **Претседател,**

**Крива Паланка** **Билјана Крстевска с.р**

**С Т А Т У Т**

**НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**(пречистен текст)**

**I. Општи одредби**

**Член 1**

Општината Крива Паланка е основана и нејзиното подрачје е утврдено со законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија („Службен весник на РМ„ бр. 55/04). Општината Крива Паланка ги опфаќа подрачјата на следните населени места : градот Крива Паланка и селата : Б`с; Баштево; Борово; Варовиште; Габар; Голема Црцорија; Градец; Длабочица; Дренак; Дрење; Дубровница; Дурачка Река;

Жидилово; Киселица; Конопница; Костур; Кошари; Кркља; Крстов Дол; Лозаново; Луке; Мала Црцорија; Мартиница; Метежево; Мождивњак; Нерав; Огут; Осиче; Подржи Коњ; Трново; Станци; Тлминци и Узем.

**Член 2**

Со овој статут на Општината Крива Паланка (во натамошниот текст: Општината), во согласност со закон, се уредуваат:

- организацијата и работата на органите на Општината;
- организацијата и работењето на комисиите на Советот на Општината;
- вршењето на работите согласно начелото на супсидијарност;
- начинот на информирање на граѓаните и слободниот пристап до информации од јавен карактер;
- случаите на исклучување на јавноста од седниците на Советот на Општината;
- начинот и постапката за доставување претставки и предлози за работата на органите на Општината и постапување по нив;
- начинот на организирање јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози од граѓаните;
- начинот на објавувањето на прописите на Советот;
- начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба;
- месната самоуправа;
- начинот и постапката за утврдување на грбот и знамето на Општината;
- како и други прашања од значење за Општината.

**Член 3**

Определени прашања сврзани со остварувањето на надлежностите, процедурите за работа и одлучување во Советот на Општината, поблиску се уредуваат со деловник на Советот на Општината (во натамошниот текст: Деловник).
Деловникот го донесува Советот на Општината (во натамошниот текст: Совет), со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

**Член 4**

Општина Крива Паланка е правно лице со седиште на улица “Св. Јоаким Осоговски“ бр.175 во Крива Паланка.

**Член 5**

Општината Крива Паланка има печат со тркалезна форма со пречник од 4 (четири) цм, во чија средина се наоѓа грбот на Општината и на чии рабови е изпишано “Република Северна Македонија – Општина Крива Паланка“.
Печатот на Советот на општината е со тркалезна форма со пречник од 4 (четири) цм во чија средина се наоѓа грбот на општината на рабовите е испишано “Република Северна Македонија – Општина Крива Паланка“и во вториот ред околу рабовите има испишано – Совет на Општината.

Печатот на Градоначалникот е со тркалезна форма со пречник од 4 (четири) цм во чија средина се наоѓа грбот на општината на рабовите е испишано “Република Северна Македонија – Општина Крива Паланка“ и во вториот ред околу рабовите има испишано – Градоначалник.

**Член 5-а**

Општина Крива Паланка има свој штембил со правоаголна форма со големина 6 (шест) цм на 3 (три) цм. Штембилот содржи: назив, седиште, како и други податоци.

**Член 6**

Општината има свој празник.
Празник на Општината е **8-**ми Октомври **-** денот на ослободување на Крива Паланка.

**Член 7**

Општината има грб и знаме.
За утврдување на грбот и знамето на Општината, Советот распишува конкурс за идејно решение и образува комисија.
Комисијата од пристигнатите трудови (во ликовна; графичка и електронска форма) по објавениот конкурс утврдува предлог за грб, односно знаме и го доставува до Советот на усвојување.
Советот одлучува по предлогот на Комисијата со мнозинство гласови од присутните членови на Советот.

## II. Организација и работење на органите на Општината

1. **СОВЕТ**

**а) Конституирање**

**Член 8**

Советот на Општина Крива Паланка е претставнички орган и го сочинуваат 19 (деветнаесет) членови на Советот, како претставници на граѓаните, избрани на општи,непосредни и слободни избори со тајно гласање.
Конституирањето на Советот, се врши со верификација на мандатот на членовите на Советот избрани на начин утврден со Закон и со давање и потпишување на свечаната изјава со содржина утврдена со Закон.
Верификацијата на мандатите на членовите на Советот се врши на првата конститутивна седница на Советот, по предлог на Комисија за прашања на верификација, избори и именувања што се формира на почетокот на седницата од редот на новоизбраните членови на Советот.
Верификацијата на мандатите на членовите на Советот кои не биле присутни на првата седница на Советот, ја врши Советот на првата седница на која што тие ќе присуствуваат.

**Член 9**

Постапката за верификација на мандатите на членовите на Советот поблиску се уредува со Деловникот.

**б) Права и должности на членовите на Советот**

**Член 10**

Членот на Советот има права и должности утврдени со закон и со овој Статут.
Членот на Советот се стекнува со своите права и должности по верификацијата на мандатот.

**Член 11**

Членот на Советот има право и должност:

- да предлага претресување на прашања, појави и состојби што се од локално значење, како и од значење за граѓаните во Општината;
- да дава иницијативи за донесување на одлуки и други акти од надлежност на Советот, како и да предлага амандмани, на начин и по постапка предвидени во Деловникот;
- да бара од администрацијата на Општината (во натамошниот текст: администрација), како и од јавните служби, установи и претпријатија и од други институции, основани од Општината, податоци и други информации за прашања од нивниот делокруг, а што му се потребни за неговата работа во Советот;
- да бара и добие стручна помош во изработувањето на предлози што тој му ги поднесува на Советот, во поставувањето на советнички прашања и во вршењето на други работи што му ги доверил Советот, односно комисија во која членува;
- да ги чува како тајна податоците, кои се класифицирани како такви, што ќе ги дознае на седница на Советот или на комисија.

**Член 12**

Членот на Советот има право да присуствува и учествува во работата на седница на комисија на Советот, иако не е член на комисијата, но без право на одлучување.

**Член 13**

Членот на Советот кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седници на Советот и на комисија чиј член е, должен е за тоа благовремено да го извести Претседателот на Советот и Претседателот на комисијата.
Членот на Советот кој од оправдани причини подолго време е спречен да присуствува на седници на Советот и на комисија чиј член е, има право да побара од Советот одобрение за отсуствување од седниците.
По барањето од ставот 2 на овој член, Советот одлучува без претрес.

**в) Надлежност на Советот**

**Член 14**

Советот на Општината ги врши следните работи:

1. Го донесува Статутот на Општината и други прописи.
2. Донесува Деловник на Советот.
3. Донесува Програма за работа на Советот.
4. Донесува Буџет на Општината и Годишна сметка на Општината.
5. Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на Општината, во рамките утврдени со Законот.
6. Донесува Генерален урбанистички план на Општината.
7. Донесува детални урбанистички планови и урбанистичка документација за населено место во Општината.
8. Донесува Програма за уредување на градежно земјиште.
9. Донесува Програма за уредување на сообраќајна сигнализација.
10. Донесува прописи од областа на заштита за животна средина и природата, локален економски развој, културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштита на децата, образованието, здравствената заштита, противпожарната заштита, во рамките на надлежноста определена со посебен Закон или во согласност со националната програма.
11. Донесува Програма за изградба и одржување на локални патишта и улици.
12. Донесува Програма за јавно осветлување.
13. Донесува Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални водоводи.
14. Донесува Програма за одржување и користење на парковите и други јавни површини од локално значење.
15. Го регулира средувањето и одржувањето на гробиштата.
16. Донесува Програма за регулација, одржување и користење на речни корита во урбанизирани делови.
17. Донесува Одлука за јавна чистота.
18. Донесува Одлука за јавниот превоз во градскиот и приградскиот сообраќај.
19. Донесува Одлука за одржување и користење на јавните пазаришта.
20. Го уредува начинот на чистење на оџаците.
21. Го уредува одржувањето на јавниот простор за паркирање на возила и начинот на негово користење.
22. Определува имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти од локално значење.
23. Ја утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација, на предлог од Градоначалникот.
24. Основа јавни служби и врши надзор над нивната работа.
25. Именува членови во управните одбори на јавните служби кои ги основа.
26. Усвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните

служби, кои ги основа.

27. Одлучува за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење во согласност со Законот.
28. Ги усвојува извештаите за работа и годишните сметки на јавните служби, кои ги основа.
29. Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на Општината.
30. Одлучува за начинот на вршење финансиска контрола на Буџетот на Општината, во согласност со Законот.
31. Го избира лицето кое раководи со Подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во Општината, во согласност со Законот.
32. Го разгледува и усвојува Годишниот извештај за јавна безбедност на подрачјето на Општината, кој го доставува до Министерството за внатрешни работи и Народниот правобранител, може да дава препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот.
33. Избира и разрешува претседател на Советот.
34. Формира постојани и повремени комисии.
35. Врши одделни овластувања во согласност со Закон врз добрата од општа употреба и врз природните богатства на подрачјето на Општината.
36. Воспоставува општински награди и признанија.
37. Дава мислење по предлог закони кои се однесуваат на Општината.
38. Врши други избори и именувања од својата надлежност.
39. Донесува други одлуки за работа од своја надлежност.
40. Врши и други работи утврдени со Закон.

**г) Претседател на Советот**

**Член 15**

Претседателот на Советот го избира Советот со јавно гласање, со мнозинство гласови од вкупниот број членовите на Советот.

Предлог за Претседател на Советот може да даде секој член на Советот.

Изборот на Претседател на Советот може да се изврши и со тајно гласање, доколку за таков предлог на член на Советот одлучи Советот со мнозинство од присутните членови на Советот.

Постапката за избор на Претседател на Советот со тајно гласање се уредува со Деловникот.

**д) Начин на работа**

**Член 16**

Советот работи на редовни седници, а по потреба може да одржува свечени и вонредни седници.

**Член 17**

Денот, часот и местото на одржување на редовна седницата на Советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи на седницата се објавуваат на огласна табла на Општината.
Претседателот на Советот може да одлучи денот, часот и местото на одржување на седницата на Советот, како и предлогот на дневниот ред да се објават во средствата за јавно информирање.

**Член 18**

Советот одржува свечени седници за одбележување на значајни историски настани, а може да одржува свечени седници и за ислушување на говори на наши и странски државници, претставници на меѓународни организации и истакнати граѓани на странски држави како гости на Општината.

**Член 19**

Вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните и во случаи на вонредни околности.
Вонредна седница на Советот свикува Претседателот на Советот по сопствена иницијатива, или на барање од најмалку 1/3 од членовите на Советот, или на предлог на Градоначалникот.
Поканата за вонредна седница заедно со предлогот на дневен ред на членовите на Советот им се доставува на најбрз можен начин.
Пред отпочнувањето со работа на седницата, членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на вонредна седница, без претрес и со мнозинство од присутните членови на Советот.

**Член 20**

Во случај на спреченост или отсутност на Претседателот на Советот, на седницата претседава најстариот член на Советот.

**Член 21**

Советот одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, гласањето по определени прашања да биде тајно.

**Член 22**

Свикувањето на седниците на Советот, утврдувањето на дневниот ред, текот на седницата, записниците, постапката за донесување на акти и други прашања сврзани со работата на Советот, поблиску се уредуваат со Деловникот.

## 2. ГРАДОНАЧАЛНИК

**Член 23**

Градоначалникот ги врши своите надлежности во рамките утврдени со Закон и овој Статут.

Градоначалникот во рамките на своите надлежности:

1. Ја контролира законитоста на прописите на Советот.
2. Ги објавува прописите на Советот во службено гласило на Општината.
3. Го обезбедува извршувањето на одлуките на Советот.
4. Го обезбедува извршувањето на работите кои што со Закон и се делегирани на општините.
5. Иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на Советот.
6. Го предлага Годишниот буџет и Годишната сметка на Буџетот на Општината.
7. Го извршува Буџетот на Општината.
8. Избира директори на јавните служби кои ги основа Општината, врз основа на јавен конкурс.
9. Редовно го известува Советот за извршувањето на своите надлежности, во согласност со Статутот.
10. Решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица, во согласност со Закон.
11. Донесува Правилник за систематизација на работните места на Општинската администрација.
12. Раководи со Општинската администрција.
13. Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во Општинската администрација, до колку поинаку не е определено со Закон.
14. Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на Општината во согласност со Законот и Статутот.
15. Врши други работи утврдени со Закон и со овој Статут.

**Член 24**

Градоначалникот присуствува и учествува во работата на седниците на Советот, а по потреба и на седниците на комисиите на Советот и посебните тела на Општината, без право на одлучување.

Градоначалникот може да определи и свои претставници кои присуствуваат и учествуваат во работата на седниците на Советот, неговите комисии и посебните тела на Општината.

**Член 25**

Градоначалникот по сопствена иницијатива и по барање на Советот, го известува Советот за извршување поодделни работи од негова надлежност.

**Член 26**

Градоначалникот обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на Општината. Градоначалникот управува со сопственоста на Општината во јавен интерес и како добар домаќин.

Градоначалникот е должен, во управувањето со сопственоста на Општината, да презема мерки и да го обезбедува користењето, одржувањето и заштитата на сопственоста на Општината во согласност со Закон.

**Член 27**

Градоначалникот соработува со градоначалниците на другите општини по прашања од заеднички интерес од надлежност на општините.

**Член 28**

Градоначалникот со решение определува член на Советот кој ќе го заменува за време на спреченост или отсуство.

Решението од став 1 на овој член Градоначалникот го донесува во рок од 30 дена од денот на преземањето на функцијата.

Решението од став 1 на овој член се објавува во “Службен гласник на Општина Крива Паланка”.

За настапувањето на спреченоста или отсуството, градоначалникот го известува Претседателот на Советот и членот на Советот кој ќе го заменува.

**А) СЕКРЕТАР**

**Член 29**

Градоначалникот на Општината именува Секретар на Општината , од редот на раководните државни службеници од општинската администрација.

**3. Посебни тела на Општината**

**а) Комисија за односи меѓу заедниците**

**Член 30**

Во Општината се формира Комисија за односи меѓу заедниците (во натамошниот текст: Комисија).

Комисијата ја сочинуваат по (1) еден претставник на заедниците кои се застапени во Општината, со мандат од 4 (четири) години.

Членовите на Комисијата не може да се избираат од редот на членовите на Советот.

**Член 31**

Одлука за формирање на Комисијата донесува Советот, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања.

Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања го составува предлогот од став 1 на овој член по претходно добиени предлози на политичките партии застапени во Советот.

**Член 32**

Комисијата од редот на своите членови избира Претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Комисијата, со јавно гласање.

**Член 33**

Комисијата работи на седници.

Седниците ги свикува и со нив раководи Претседателот на Комисијата.

Комисијата може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на Комисијата.

Комисијата одлучува со мнозинството од вкупниот број членови на Комисијата.

На седниците на Комисијата може да присуствуваат и учествуваат во работата, Градоначалникот на Општината и Претседателот на Советот, без право на одлучување.

**Б) СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ**

**Член 34**

Во Општината се формира Совет за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите е составен од 10 членови, претставници на поголемите групи на корисници на јавните услуги во Општината.

Членовите на Советот за заштита на потрошувачите не може да се избираат од редот на членовите на Советот на Општината.

**Член 35**

Одлука за формирање на Советот за заштита на потрошувачите донесува Советот на Општината, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања.

Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања го составува предлогот од став 1 на овој член по претходно добиени предлози на облиците на месна самоуправа во Општината.

**Член 36**

Советот за заштита на потрошувачите од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите, со јавно гласање.

**Член 37**

Советот за заштита на потрошувачите работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи Претседателот на Советот за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите одлучува со мнозинството од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите.

На седниците на Советот за заштита на потрошувачите можат да присуствуваат и учествуваат во работата Градоначалникот и Претседателот на Советот на Општината, без право на одлучување.

**Член 38**

Советот за заштита на потрошувачите разгледува прашања и утврдува предлози кои што се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби на Општината, а особено:

- ја следи состојбата на давањето на услуги од јавните служби;
- Се грижи за решавање на проблемите што граѓаните ги имаат при користење на услугите од претпријатијата и установите што вршат јавни услуги;
- се грижи за унапредување на односот на вработените кај давателите на услуги кон корисниците на услугите;
- организира јавни трибини и други форми на учество на граѓаните на кои ќе се расправа за унапредување на заштитата на потрошувачите.

## Б-1) СОВЕТ НА МЛАДИ

**Член 38 – а**

Во Општината се формира Совет на млади како советодавно тело на општината за младите активно да се вклучат во јавниот живот на општината.

Младите се жители на Општината Крива Паланка на возраст од 15 до 29 години живот.

Младите од став 1 на оваа Одлука можат да бидат избрани за претседател и заменик преседател на Советот на млади на Општина Крива Паланка, само ако се со место на живеење во Општина Крива Паланка.

**Член 38 – б**

Одлука за основање на Советот на млади ја донесува Советот на Општина Крива Паланка врз основа на позитивните законски прописи.

**Член 38 – в**

Советот на млади во општината ги врши следните работи:

- Расправа на седници на Советот на млади за прашања значајни за нивната работа
- Расправа за прашања за кои се расправа на Советот на Општина Крива Паланка , а се од интерес за работата на младите

- Му предлага на Советот на Општината Крива Паланка донесување на Одлуки, програми и други акти од значење за маладите од општината
- Му предлага на Советот на Општината Крива Паланка да расправа за прашања кои се од значење за унапредување на положбата на младите и решавање на нивните проблеми
- Му дава мислење на Советот на Општината Крива Паланка за конкретните одлуки кои треба да ги донесе
- Соработува во изработката и го следи спроведувањето на локалните акти за млади, донесени од страна на Општината Крива Паланка
- Изработува извештаи до надлежните органи за проблемите на младите, а по потреба предлага донесување на Програми за отстранување на настанатите проблеми и подорување на положбата на младите на локално ниво.
- Организира работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските прашања
- Информира и промовира за активностите на Советот на млади
- Ја потикнува меѓусебната општинска соработка и размена на искуства со младите од другите општини
- По потреба повикува претставник на Советот на општината на своите седници
- Врши работи од интерес на младите
- Врши други советодавни и застапувачки работи во согласност со ЗМУМП.

**Член 38-г**

Општина Крива Паланка распишува повик за формирање Иницијативен одбор. Во Иницијативниот одбор може да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на Општината. Во повикот се напоменува дека Иницијативен одбор се формира само еднаш за одржување на конститутивното Локално собрание за млади. Иницијативниот одбор е составен од 3 члена и по успешно свикување на Локално собрание за млади истиот се распушта, односно мандатот престанува.
Иницијативниот одбор преку Општина Крива Паланка објавува јавен повик за членство во Локалното собрание на млади. Повикот се објавува на веб-страницата на Општина Крива Паланка.
Формите на организирање и здружување кои може да учествуваат во Локално собрание за млади не мора да бидат регистрирани во Општината, но мора да имаат активности на територијата на Општината. Делегатот и заменик-делегатот треба да бидат жители на Општината и на возраст од 15 до 29 години.
Иницијативниот одбор иницира и заседава со конститутивна седница на Локалното собрание на млади заедно со Градоначалникот на Општина Крива Паланка.
Од редовите на Локалното собрание на млади се избира и изгласува трочлена комисија, составена од млади, која е одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членови на Советот на млади. На конститутивната седница на Локалното собрание на млади се избира претседавач/ка по пат на тајно гласање. Секој член на Локално собрание за млади може да биде

кандидиран за претседавач/ка или доколку е предложен и поддржан од најмалку 3 членови на Локално собрание за млади. Мандатот на членовите на Локално собрание за млади вклучително и на претседавачот/ката трае две години со право на уште еден избор.
На конститутивната седница, Локалното собранието на млади носи одлука за формирање комисија која до следната седница на Локално собрание за млади на Општината треба да подготви Деловник за работа на Локално собрание за млади.
Првата седница на Локалното собрание на млади ја свикува веќе избраниот претседавач/чка на Локално собрание за млади. На седницата се усвојува Деловникот за работа изготвен и предложен од страна на комисијата и се донесува Одлука за распишување јавен повик за формирање Советот на млади на Општина Крива Паланка, со критериуми во согласност со Законот за младинско учество и младински политики. Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Општина Крива Паланка и трае 15 дена од денот на неговото објавување.
По доставените пријави на кандидатите за членови на Советот на млади, надлежното лице, односно службеникот за млади документацијата од сите пријавени ја доставува до претседавачот/ката и до Локално собрание за млади кои пак свикуваат нова седница на Локално собрание за млади. На седницата на Локалното собрание на млади се поканувaат делегатите на Локално собрание за млади и младите кои се пријавиле за членови на Советот на млади, а ги исполнуваат критериумите од повикот.
Трилчената верификациона комисија на Локалното собрание за млади го следи процесот на избор на членови на младинскиот совет на Општината и ги потврдува мандатите на делегатите.
Кандидатите за членови на Советот на млади имаат право на куса презентација на својата програма пред членовите на Локално собрание за млади, по што следува постапката на гласање. Локалното собрание на млади избира членови на Советот на млади по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од Локалното собрание на млади. За избрани членови на Советот на млади се сметаат оние членови кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати, водејќи сметка за балансирана застапеност на двата пола.
Кандидатите за членови на Советот на млади ги предлагаат: граѓански организации и младински здруженија, училишни заедници совети, студентски совети и други форми на младински организации.
Врз основа на писмените предлози од предлагачите на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општина Крива Паланка го избира и го разрешува Советот на млади врз основа на одлука на Локалното собрание на млади. Советот на млади од своите редови избира претседател/ка и заменик-претседател/ка, согласно Деловникот за работа на Советот на млади.

**Член 38- д**

Членовите на Советот на младите се избираат на две години со право на уште еден избор.
Советот на Општината Крива Паланка може да разреши член на Советот на млади и пред истекот на мандатот на лично барање, ако наполни 30 години живот, ако отсуствува од седниците на Советот на млади и ако со правосилна судска пресуда е осуден на безусловна казна затвор во траење подолго од шест месеци.

**Член 38 – ѓ**

Советот на млади одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во два месеци.
Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот на Советот на млади.
Претседателот на советот на млади е должен да свика вонредна седница на советот на млади на предлог на најмалку 1/3 од членовите на Советот на млади .
Советот на млади ги донесува одлуките од мнозинство гласови ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупно избраните членови на Советот на младите.
Начинот на работа на Советот на млади поблиску се утврдува со Деловникот за работа на Советот на млади.
Советот на млади може да формира постојани и повремени работни тела за потесни кругови на делување на организирање на форуми трибини и работилници за поедини возрасни групи на млади или за проблеми кои ги загрижуваат младите.

**Член 38 – е**

Советот на млади донсеува програма за работа на Советот на млади и ја доставува до Советот на Општината Крива Паланка за секоја календарска година.

Програмата ги содржи следните активности:

- Учество во креирањето и пратењето на локалната програма на младите
- Соработка со другите советодавни тела во Република Македонија и странство
- Консултирање со организацијата на младите за теми значајни за младите
- Соработка со телата во општината во политиката од влијание за младите

Програмата содржи и останати активности значајни за работата на Советот на млади и подобрување на положбата на младите.

Програма за работа на Советот на млади ја донесува со мнозинство на гласови од сите членови на Советот на младите.

Програмата се донесува и поднесува на одобрување пред Советот на младите најкасно до 30 Ноември во тековната година за наредната година.

**Член 38 – ж**

Општина Крива Паланка обезбедува финансиски средства за работа на Советот на млади и простор за одржување седници на Советот на млади во Општина Крива Паланка. Од буџетот на Општината, се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1 % на годишно ниво кои вклучуваат ресурси за работењето на Советот на млади во согласност со усвоената годишна програма.
Членовите на Советот на млади не добиваат надоместок за својата работа. Стручните и административните работи за потребите на Советот на млади ги врши администрацијата во Општина Крива Паланка, односно назначува службеник/чка за млади во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

## В) ПАРТИЦИПАТИВНО ТЕЛО ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ

**Член 38 – з**

За обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање, општината задолжително формира партиципативно тело на иницијатива на градоначалникот или на партиципиентите од ставот (3) на овој член.

Партиципативното тело ги претставува сите различни интереси и интересни групи во локалната заедница и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.
Партиципативното тело се состои од членови на комисијата за урбанизам на општината, што ги одредува градоначалникот и стручни лица вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа, а особено од лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот. Партиципативното тело се формира од доброволно пријавени лица по јавен оглас објавен на веб страната од Општина Крива Паланка и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место во траење од 30 дена.
Учеството на лицата вработени во Општина Крива Паланка во партиципативното тело е по службена должност, а на лицата што не се вработени во Општина Крива Паланка самоуправа учеството е на доброволна основа.
Партиципативното тело има право да расправа за сите работи од надлежност на Општина Крива Паланка и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој, преку презентирање на своите мислења на советот на општината.
Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци и има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија. Работата на партиципативното тело е јавна.
Начинот на работа и бројот на членови на партиципативното тело се уредуваат во деловникот на партиципативното тело што го донесува советот на Општина Крива Паланка, при што бројот на граѓански членови на партиципативното тело што се пријавиле на доброволна основа не е ограничен.

**Член 39**

Во Општината се формира партиципативно тело од областа на урбанизмот (совет, одбор), заради пренесување на ставовите и мислењата на граѓаните и правните лица во процесот на урбанистичкото планирање, како и заради следење на состојбите и давање иницијативи насоки и сугестии во процесот на планирање и изготвување плански решенија за Општината.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот се состои од 5 членови.

**Член 40**

Одлука за формирање на Партиципативно тело од областа на урбанизмот донесува Советот, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања.

Членовите на Партиципативно тело од областа на урбанизмот се избираат:

- од редот на членовите на Советот;
- по предлог на облицита на месна самоуправа;
- по предлог на здруженијата на граѓани;
- здруженија на стручни лица од областа на урбанизмот и од општинската администрација.

**Член 41**

Партиципативно тело од областа на урбанизмот од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на партиципативното тело, со јавно гласање.

**Член 42**

Партиципативно тело од областа на урбанизмот работи на седници.
Седниците по правило се јавни.
Седниците ги свикува и со нив раководи Претседателот на Партиципативно тело од областа на урбанизмот.
Партиципативно тело од областа на урбанизмот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови.
Партиципативно тело од областа на урбанизмот одлучува со мнозинството од вкупниот број членови.
На седниците можат да присуствуваат и учествуваат во работата Градоначалникот и Претседателот на Советот, без право на одлучување.

**Г) КОМИСИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ**

**Член 42-а**

Комисијата за унапредување на правата на пациентите во Општината се формира како постојана комисија за унапредување на правата на пациентите спгласно на прописите од областа на Локалната самоуправа на општина Крива Паланка

**Член 42-б**

Средствата за работа на членовите на комисијата од чл.42-а на оваа Одлука ги обезбедува Општината за која е формирана

Општинта е должна да определи на лесно достапно место и јасно да ја означи канцеларијата на комисијата од чл.42-а од Одлуката со назив “Канцеларија на комисијата за унапредување на правата на пациентите.

**Член 42-в**

Комисијата се состои од 9 члена кои се избираат во согласност со Статутот на општината и тоа претставници на пациентите – членови на здруженијата на пациентите, 2 (два ) претставника на невладините организации што се занимаваат со човекови права и граѓански иницијтаиви, 2 (два) лекара од Општината и 3(три) члена делегирани од Советот на општината.

Членовите на комисијата не смеат да бидат вработени во здравствените установи во кои се укажува здравствена заштита

Мандатот на членовите на комисијата е 2 (две) години со право на уште еден последователен избор.

**Член 42-г**

Комисијата ги врши работите согласно на чл.42 и 43 од Законот за заштите на правата на пациентите (Службен Весник на Р. МАкедонија бр.82/08)

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА КОМИСИИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА КОМИСИИ НА СОВЕТОТ

**Член 43**

Советот ги образува следните постојани комисии:

- Комисија за прашања на верификација, избори и именувања,
- Комисија за финансии и локален економски развој,
- Комисија за урбанистичко планирање, уредување на просторот, заштита на животната средина и природата,
- Комисија за комунални работи и сообраќај,
- Комисија за јавни дејности,
- Комисија за Статут и прописи,
- Комисија за еднакви можности на жените и мажите,
- Комисија за меѓуопштинска и меѓународна соработка

Делокругот на комисиите од став 1 на овој член се определува со Деловник на Советот.

Советот може да образува и други постојани и повремени комисии, чиј состав и делокруг се определува со актот за нивното формирање.

## СОСТАВ, ИЗБОР И НАЧИН НА РАБОТА НА КОМИСИИТЕ

**Член 44**

Комисиите на Советот се состојат од Претседател и четири члена од редот на членовите на Советот.

**Член 45**

Избор на Претседател и членови на комисија на Советот се врши на предлог на

Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања.
Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања го дава предлогот од став 1 на овој член врз основа на претходно доставени предлози на политичките партии застапени во Советот, при што се раководи од принципот за нивна пропорционална застапеност во комисиите, имајќи го предвид вкупниот број на комисиите на Советот.
Изборот на Претседател и членови на комисија се врши со мнозинство од присутните членови на Советот.

**Член 46**

Предлог за разрешување на Претседател и членови на комисија може да даде комисијата, Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања, најмалку 3 (три) членови на Советот и Претседателот на Советот.
По предлогот за разрешување одлучува Советот, со јавно гласање, со мнозинство на присутните членови на Советот.

**Член 47**

Избор заради промена на поодделен член на комисија се врши на предлог на Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања, при што не може да се наруши принципот на пропорционална застапеност на партиите во комисиите.

**Член 48**

Комисијата работи на седници и расправа по материјали доставени од овластен предлагач.
Дневниот ред на седницата на комисијата се утврдува на почетокот на седницата.

**Член 49**

Комисијата може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството членови на комисијата.
Комисијата одлучува со мнозинство гласови на присутните членови.

**Член 50**

Ако одлучи да му поднесе извештај или предлог на Советот, комисијата определува свој известител, кој по налог на комисијата, по сопствена иницијатива или по барање на Советот, на седницата на Советот ќе го образложи ставот или предлогот на комисијата.

**Член 51**

На седницата на комисијата задолжително присуствува претставник на предлагачот на материјалот што се разгледува.
ретставникот на предлагачот има право на седницата на комисијата да учествува во разгледувањето на предлогот што го поднел.

**Член 52**

Комисијата има право од предлагачот да бара известување, појаснување, како и други податоци што и се потребни за работа, а со кои предлагачот располага или е должен да ги собира и евидентира.

**Член 53**

На седниците на комисијата може да присуствуваат и да учествуваат претставници на органи, организации, заедници и здруженија, како и научни, стручни и јавни работници, заради изнесување на нивни мислења по прашањата што се разгледуваат на седницата на комисијата.

Поканата до лицата од ставот 1, ја доставува Претседателот по претходна консултација со членовите на комисијата.

## IV. ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

**Организирање на општинската администрација**

**Член 54**

За извршување на работите од надлежност на органите на Општината се организира општинска администрација.

Општинската администрација се организира во сектори и одделенија.

Во Општината се организира одделение за инспекциски надзор заради вршење на инспекциски надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

Организацијата, делокругот на начинот на извршување на задачите на Општинската администрација ги утврдува Советот, врз основа на предлог на Градоначалникот.

**Член 55**

Вработените во општинската администрација, кои вршат стручни, нормативно- правни, извршни, управно-надзорни работи и решаваат управни работи, имаат статус на државен службеник.

За вработувањето, правата, должностите, системот на плати и надоместоци на плати, одговорноста, оценувањето и престанокот на работниот однос на вработените од став 1 на овој член, ќе се применуваат одредбите од Законот за државни службеници.

За вработените во општинската администрација кои вршат административно- технички и помошни работи, се применуваат одредбите од работното законодавство.

**Член 56**

Општинската администрација:

1. Ги подготвува актите за Советот и Градоначалникот.
2. Ги подготвува седниците на Советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии.

3. Врши стручни работи за Советот и Градоначалникот.
4. Го води сметководството на Општината.
5. Ја следи проблематиката во областите од надлежност на Општината, врши анализа на состојбата и дава иницијативи и предлози за нивно решавање.
6. Доставува информации и податоци во врска со активностите на Општината на барање на надлежните органи или врз основа на Закон.
7. Ракува со документите на Општината, ги чува се до нивно уништување, односно предавање во државната архива на Република Северна Македонија.
8. Врши и други работи што ќе и ги определи Советот и Градоначалникот.

## V . ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ СПОРЕД НАЧЕЛОТО НА СУПСИДИЈАРНОСТ

**Член 57**

Општината, во рамките на законот, во согласност со начелото на супсидијарност, има право на своето подрачје да спроведува иницијативи во врска со сите прашања од значење за Општината, што не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Определувањето на работите од став 1 на овој член, дефинирањето на нивната содржина, начинот и постапката на нивното вршење се уредуваат со посебни одлуки на Советот, по предлог на Градоначалникот.

**Член 58**

Општината може да доделува награди.

Наградите се доделуваат како знак на признание за постигнати остварувања што претставуваат посебен придонес за развој на Општината и за нејзиниот севкупен напредок и афирмација во областа на економскиот развој, науката, уметноста, културата, образованието, здравствената заштита, социјалната заштита, спортот, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и во други области.

**Член 59**

Наградата може да се доделува на физички и правни лица од Општината, Републиката и од други држави, како и на меѓународни организации и асоцијации или нивни претставници.

**Член 60**

Советот формира Одбор за доделување на наградата.

Работата на Одборот поблиску се уредува со одлука на Советот на Општината.

Средства за наградата и за работа на Одборот се обезбедуваат од Буџетот на Општината и од други извори на приходи.

**Член 61**

Општината може да востановува други награди и признанија.

## V. ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ

**ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**а) Информирање на граѓаните**

**Член 62**

`Органите на Општината, комисиите на Советот на Општината и јавните претпријатија и установи основани од Општината ги информираат граѓаните за одлуките и своите активности кои се од непосредно значење за животот и работата на граѓаните во Општината и за други информации од јавен интерес.

Граѓаните се информираат за:

- прописите кои ги донесува Советот на Општината;
- начинот и условите за остварување на нивните права;
- обврските на граѓаните кои произлегуваат од надлежност на Општината;
- плановите, проектите и програмите кои се во подготовка, а се од значење за развојот на Општината;
- услугите кои ги добиваат од јавните служби и градската администрација и начинот на нивно добивање;
- приходите кои се остваруваат во Општината и начинот на нивна распределба и трошење;
- јавните набавки;
- именувањето на директори и претставници во управните одбори на јавните претпријатија и установи;
- други информации кои произлегуваат од надлежноста на органите на Општината и јавните претпријатија и установи во согласност со закон.

**Член 63**

Информирањето на граѓаните се врши редовно, без надоместок, преку:

- издавање Службен Гласник на Општината;
- издавање и дистрибуција до граѓаните на месечни информативни билтени;
- објавување на публикации;
- информативни канцеларии водени од општинската администрација и јавните служби основани од Општината;
- огласни табли (во простории на Општината, јавните претпријатија и установи, месната самоуправа);
- веб сајт;
- јавни трибини;
- средствата за јавно информирање, и
- на друг соодветен начин кој е најповолен за информирање на јавноста.

**Член 64**

Информирањето на граѓаните се врши на македонски јазик и кирилското писмо.

Советот на Општината со посебна одлука може да утврди за одредени информации да се информира и на јазикот кој не е службен јазик во Општината, а го зборуваат дел од жителите на Општината.

## Б) СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Член 65**

Во Општината се обезбедува правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат органите на Општината (Советот и Градоначалникот), јавните претпријатија и установи основани од Општината и правни и физички лица кои вршат јавни овластувања доверени од Општината (во натамошниот текст: иматели на информации).

По исклучок, во случаи утврдени со закон, правото на слободен пристап до некои информации со кои располагаат имателите на информации од став 1 на овој член, може да биде ограничен или да се обезбеди делумен пристап.

**Член 66**

За информации со кои располагаат и до кои се обезбедува слободен пристап, имателите на информации востановуваат и водат листа на информации која се објавува на начин кој е достапен за барателите на информации.

За листата на информации и условите и начинот на слободен пристап до информациите, граѓаните се известуваат преку огласна табла или на друг погоден начин.

Имателите на информации се должни редовно на секои три месеци да ја ажурираат листата на информации од јавен карактер со кои располагаат.

Листата на информации од јавен карактер за органите на Општината ја предлага Градоначалникот, а ја утврдува Советот.

Листата на информации од јавен карактер за јавните претпријатија и установи основани од Општината ја утврдува управниот одбор на предлог на директорот.

**Член 67**

Постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации се остварува во согласност со Закон.

Градоначалникот на Општината создава услови и презема мерки пропишани со Закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат Советот на Општината и администрацијата.

Директорот на јавното претпријатие и јавната установа основана од Општината создава услови и презема мерки пропишани со Закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат согласно статутот на претпријатието и установата.

**Член 68**

Слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат имателите на информации имаат сите правни и физички лица (во натамошниот текст: барател на информацијата).

Слободниот пристап до информации се остварува во законски утврдениот рок:

- со увид во документите со кои располага имателот на информацијата;
- со добивање препис, фотокопија или електронски запис од документите со кои располага имателот на информацијата.

Имателот на информацијата за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информациите определува службено лице.

**Член 69**

Барателот на информацијата за извршениот увид или добиениот препис, фотокопија од електронски запис на информацијата, плаќа соодветен надоместок во висина на материјалните трошоци, утврдени на начин уреден со Закон.

Барателот на информацијата при поднесувањето на барањето се известува за плаќањето и висината на соодветниот надоместок.

**Член 70**

Барателот на информација има право на жалба до надлежниот орган за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер доколку имателот на информацијата не ја достави бараната информација.

**Член 71**

Советот на Општината усвојува годишен извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информациите во минатата година во Општината.

Годишниот извештај за остварувањето на слободен пристап до информации го подготвува Градоначалникот на Општината и го доставува до Советот, најдоцна до 31 јануари во тековната година.

Извештајот од став 1 на овој член ги содржи и податоците за остварениот слободен пристап до информациите со кои располагаат и јавните служби кои ги формира Општината.

Извештајот од ставот 1, по усвојувањето се доставува до надлежниот орган за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

## VI. ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ОД СЕДНИЦИТЕ НА СОВЕТОТ

**Член 72**

Советот може да работи без присуство на јавноста само во случаи определени со Закон и овој Статут, како и кога тоа ќе го предложат Градоначалникот, Претседателот на Советот или најмалку 1/3 (третина) од членовите на Советот.
Исклучувањето на јавноста може да се бара, кога прашањето за кое се расправа има допирни точки со јавниот морал; кога може да ги загрози интересите на определена личност или има допирни точки со одбраната и сигурноста на граѓаните .
По предлогот од став 1 на овој член, Советот одлучува без претрес, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

## VII. ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ

**Член 73**

Физичките и правните лица имаат право да поднесуваат претставки и предлози што се однесуваат на работата на органите на Општината и општинската администрација.

**Член 74**

Претставките и предлозите се поднесуваат во писмена форма или усно на записник пред овластено лице во администрацијата.

За претставките и предлозите не се плаќа такса.

**Член 75**

Подносителот не смее да трпи штетни последици поради поднесувањето претставка или предлог, ниту поради тоа може да биде повикан на одговорност.

**Член 76**

Градоначалникот, во зависност од содржината на претставката, односно предлогот овластува еден или повеќе службеници да постапат по претставката, односно предлогот.
Постапувањето по претставката, односно предлогот опфаќа прибирање на податоци, известувања и мислења за околностите што се од значење за правилно оценување на основаноста на претставката или за оправданоста на предлогот, како и преземање на потребни мерки за отстранување на евентуална повреда на правото на подносителот или повреда на јавен интерес.

**Член 77**

Градоначалникот е должен во што е можно покус рок, а најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на претставката, односно предлогот, на подносителот да му достави одговор.

## VIII. ЈАВНИ ТРИБИНИ, АНКЕТИ, ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ФОРУМИ НА ЗАЕДНИЦАТА

**Член 78**

Органите на Општината, заради утврдување политика во определена област, преземање мерки за разрешување на прашања и проблеми од значење за граѓаните од подрачјето на Општината, како и при предлагање на одредени акти од своја надлежност може да организираат јавна трибина, да спроведат анкета или да прибираат предлози од граѓаните.

Видот, постапката, начинот и времето на организирање на формите на непосредно учество на граѓаните од став 1 на овој член се уредува со акт на органот што ја организира.

За организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните се објавувава соопштение во средствата за јавно информирање, во кое се назначува видот, целта, предметот и други податоци важни за организирање на соодветната форма на непосредно учество на граѓаните и се повикуваат заинтересираните за учество во истите.

Организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните, може да се врши во соработка со други општини и со облиците на месна самоуправа.

За јавната трибина, анкетата или предлозите на граѓаните се изготвува извештај.

**Член 79**

При организирање јавна трибина, спроведување анкета и прибирање предлози од граѓаните ќе се обезбеди:

- текст на документот или нацрт на одлука и друг општ акт објавен на погоден начин за да им биде достапен на граѓаните и на други заинтересирани субјекти;
- собирање и разгледување на мислењата и предлозите што биле изнесени;
- изготвување на извештај.

**Член 80**

Начинот и постапката на организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните се уредува со Деловникот.

**Член 80-а**

Градоначалникот и Советот на Единицата на локалната самоуправа Крива Паланка по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во единицата на локалната самоуправа, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форумите опишани во претходниот став од овој член може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени

финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на единицата на локалната самоуправа.

Барањето од ставот 2 на овој член се поднесува до Градоначалникот на единицата на локалната самправа, кој врз основа на стратешките документи и цели за развој на единицата на локалната самоуправа одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник што го донесува советот на единицата на локалната самоуправа по предлог на Градоначалникот.

## IX. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА ВО ВОЕНА СОСТОЈБА

**Член 81**

Во воена состојба, органите на Општината:

- продолжуваат да ги извршуваат работите утврдени со Закон и
- преземаат мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

Општината се подготвува за извршување на обврските од став 1 на овој член преку:

- планирање и организирање на мерките за заштита и спасување за свои потреби;
- формирање единици и штабови за цивилна заштита, во согласност со закон и прописи засновани на Закон;
- обучување за одбрана, односно вклучување во активности за стекнување на неопходни воено-стручни и други знаења за учество во одбраната;
- преземање мерки, активности и постапки за заштита и чување на тајноста на податоците, информациите и документите од областа на одбраната, во согласност со закон и прописи засновани на Закон;
- координација и соработка со другите општините.

## X. НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОПИСИТЕ НА СОВЕТОТ

**Член 82**

Прописите на Советот се објавуваат во службеното гласило на Општината, пред да влезат во сила.

Службено гласило на Општината е „Службен гласник на Општина Крива Паланка”.

Во службеното гласило на Општината може да се објавуваат и прописи на други општини.

**Член 83**

Прописите на Советот влегуваат во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината”, а по исключок што го утврдува Советот, најрано со денот на објавувањето.

Прописите на Советот можат да влезат во сила и во покус рок од осум дена ако:

- причините поради кои се предлага донесувањето на прописот и целите што се сака да се постигнат со неговото донесување се од итен и неодложен карактер;
- не создаваат материјални обврски за граѓаните и правните лица;
- прашањата што се регулираат се од сферата на одбраната, заштитата и спасувањето и сл.;
- тоа го налагаат начелата на целисходност, рационалност, ефикасност, економичност, оперативност и сл.

## XI. МЕСНА САМОУПРАВА

**Член 84**

Граѓаните во Општината одлучуваат за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа и преку облици на месна самоуправа кои можат да ги основаат согласно со овој Статут.

**Член 85**

Во Општината како облици на месна самоуправа можат да се основаат:

- во градот - урбани заедници;

- во населените места - месни заедници.

**Член 86**

Подрачјето за кое се основаат урбаните заедници се границите на урбаните единици утврдени со урбанистичкиот план на градот.

Подрачјето за кое се основаат месните заедници се границите на катастарските општини на населените места.

**Член 87**

Иницијатива за основање облици на месна самоуправа можат да покренат најмалку 10 % од граѓаните, жители на подрачјето за кои има интерес за основање на облик на месна самоуправа.

**Член 88**

Иницијативата за основање содржи: подносител, опис на подрачјето за кое се бара основање на обликот на месна самоуправа, образложение на потребите за основање и потпис на заинтересираните граѓани.

**Член 89**

Одлуката за основање на облик на месна самоуправа се донесува на Собир на граѓани од соодветното подрачје , по пат на јавно гласање со мнозинство гласови од присутните граѓани.

Собирот на граѓани од претходниот став на овој член го свикува Градоначалникот на Општината, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката.

**Член 90**

Граѓаните преку облиците на месна самоуправа, во согласност со овој Статут и одлуките за основање се грижат за:

- решавање на прашања од комунална инфрастрктура за соодветното подрачје;
- одржување на објектите од јавен интерес (водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и др.);
- заштита на животната средина и природата;
- уредување и одржување на гробиштата во селските населби;
- покренување иницијатива за уредување на просторот;
- организирање културни, спортски, забавни и други манифестации;
- други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните .

Советот на облиците на месната самоуправа дава иницијативи и предлози до надлежните органи на општината, за прашања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.

**Член 91**

Работите од членот 90 на овој Статут се финансираат од:

- средствата што Општината ќе им ги одстапи на облиците на месна самоуправа согласно со плановите и програмите за нивниот развој;
- средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;
- средства што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физички лица;
- средства од надомест на услуги; и
- подароци и други средства.

Прибирањето и трошењето на средствата за од ставот 1 се врши преку Буџетот на Општината.

**Член 92**

Орган на облиците на месна самоуправа е Советот.

Советот на облиците на месна самоуправа го избираат граѓаните на обликот на месната самоуправа на Собир на граѓани со јавно гласање, доколку Собирот не одлучи гласањето да биде тајно .

Советот на облиците на месна самоуправа е составен од 3 (три) до 7 (седум) члена. Мандатот на членовите на Советот на месната самоуправа трае 4 (четри) години.

**Член 93**

Одлука за распишување на избори за членови на Советот на облиците на месна самоуправа донесува Советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот.

Ако Одлуката од став 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок Одлука за распишување за избор на членови на Советот на облиците на месната самоуправа,

донесува Собирот на граѓани.

**Член 94**

Предлагање и утврдување на кандидати за членови на Советот на облиците на месна самоуправа се врши на Собир на граѓани, доколку присуствуваат најмалку 5% од граѓаните, жители на соодветната месна – урбана заедница.
За утврдени се сметаат кандидати кои добиле мнозинство, односно најголем број гласови од присутните граѓани на Собирот.

**Член 95**

Постапка за предлагање, утврдување и избор на членови на Советот на облиците на месна самоуправа поблиску се уредува со правилата за работа на обликот на месна самоуправа, донесени од Советот на Општината.

**Член 96**

За избрани членови на Советот на облиците на месна самоуправа се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство односно најголем број на гласови од избирачите кои гласале.

**Член 97**

Советот на облиците на месна самоуправа од редот на своите членови избира Претседател кој го претставува и застапува обликот на месната самоуправа.

**Член 98**

Градоначалникот на Општината, со решение може да делегира вршење на определена работа од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите, по претходна согласност на Претседателот на Советот на обликот на месната самоуправа.
Средствата потребни за извршување на работите, од ставот 1 на овој член се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста.
Со решението се определува органот и начинот на вршење на надзор над извршувањето на работите од ставот 1 на овој член.

**Член 99**

Општинската администрација ги врши стручните, административно- техничките и сметководствено финансиските работи на органот во обликот на месната самоуправа.
Контрола над трошењето на средствата што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности врши општинската администрација.

**Член 100**

Општината води евиденција на облиците на месна самоуправа основани на нејзиното

подрачје.

## XII. ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

**Член 101**

Иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Општината може да поднесе член на Советот, комисија на Советот и други субјекти.

По иницијативата за изменување и дополнување на Статутот одлучува Советот.

**Член 102**

По прифаќањето на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот, Градоначалникот изготвува предлог на статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 103**

Имателите на информации од членот 65 на овој Статут се должни во рок од шест месеци од денот на донесувањето на овој статут да ја донесат и објават листата на информации од членот 66 на овој Статут.

**Член 104**

Градоначалникот на Општината во рок од три месеци од денот на донесувањето на овој Статут, согласно актот за организација на општинската администрација, ќе распореди државен службеник од администрацијата кој ќе ги извршува работите на посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**Член 105**

Во рок од 3 месеци од денот на влегување во сила на овој Статут, Општината ќе ги воведе во евиднеција постојните облици на месна самоуправа, основани во согласност со Статутот на Општината.

**Член 106**

Со влегување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Општината („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 6 /2003 г.)

**Член 107**

Овој Статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка”

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**

**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Статут на Општина Крива Паланка-пречистен текст**

1.Се објавува Одлука на Статут на Општина Крива Паланка-пречистен текст

,што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на ден 10.04.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –1788/40** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**11.04.2023 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

До Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура-Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина во Општина Крива Паланка, доставено е барање за Одобрение за градење на индустриски објект со намена Г2-работилница со склад и маркет**,** на кп.бр.3788/3 и кп 4646/2 во КО Крива Паланка, објект од втора категорија, заведено под број уп29-937/1 од 28.12.2022 од страна на инвеститорот ДТГМ „СТОКОМАК“ДОО увоз-извоз, Скопје со седиште на ул.„Димо Хаџи Димов“ 6б-Скопје

Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина издаде Одобрение за градење на индустриски објект со намена Г2-работилница со склад и маркет, на кп.бр.3788/3 и кп 4646/2 во КО Крива Паланка, објект од втора категорија, заведено со бр. Уп29-937 од 09.02.2023 година, издадено на ден 10.02.2023год

Се повикуваат лицата Невенка Цветковска, нас. Домачки дол бр.25 Крива Паланка; Нада Димитровска, ул.Илинденска бр.25 Крива Паланка; Љубица Јакимовска, ул.Илинденска бр.2 Крива Паланка; Васка Ѓорѓиевска, Маршал Тито бр.36 Крива Паланка; Митка Ѓорѓиевска, ул.29ти Ноември бр.48 Крива Паланка; Стевка Ѓорѓиевска, ул.св.Јоаким Осоговски бр.151/29 Крива Паланка; Стојна Ѓорѓиевска, ул.Моша Пијаде бр.58 Крива Паланка; Митре Ѓорѓиевски, ул.Борис Трајковски бр.21 Крива Паланка; Стојимен Ѓорѓиевски, ул.Единство бр.55 Крива Паланка; Досе Ангелов, населба Баглак ббКрива Паланка; Деска Ангеловска, с.Конопница Крива Паланка; Добринка Ангеловска, ул.Наско Тамбурков бр.2Крива Паланка; Катица Борисовска, ул.Баглачка бр.40Крива Паланка; Љубинка Цекова, ул.8ми Октомври бр.66 Крива Паланка; Славица Денковска, ул.Македонска бр.74Крива Паланка; Роска Андоновска, ул.Орце Николов бр.11Крива Паланка; Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, бул. Кузман Ј. Питу бр.1 Скопје; Катица Цековска, нас.Баглак ббКрива Паланка; Летка Цветановска, ул.Индустриска ббКрива Паланка; Ленче Цветковска, ул.Пере Тошев бр.2 Крива Паланка;Миленка Цветковска, ул.8ми Октомври бр.34 Крива Паланка; Дивна Давитковска, ул.Херој Карпош бр.126Крива Паланка; Адвокат Раде Алексовски, св.Јоаким Осоговски бр.149Крива Паланка; Владе Димитриовски, Гоце Делчев бр.25Крива Паланка; Драгица Герасимовска, ул.партизанска бр.51Крива Паланка; Мартин Цеков, ул.Тодор Паница бр.5 Скопје – Кисела Вода; Радица Додева, с.КонопницаКрива Паланка; ЕВН Електростопанство на Македонија, АД за дистрибуција на електрична енергија Скопје, ул.11ти Октомври бр.9 Скопје, Ружа Георгиева, ул.Ратко Минев бр.1 Крива Паланка; Шана Ѓоргиевска, ул.Партизанска бр.64Крива Паланка; Рада Георгиева, ул.Пиринска бр.48Крива Паланка; Драгица Герасимовска, ул.Ристена Гоговска бр.18Крива Паланка; Фершпед АД Скоје, ул.Маршал Тито бр.11-а Скопје; Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на РМ, ул.Владимир Комаров бр.11 Скопје; Елица Илиевска, ул.Ратко Минев бр.1Крива Паланка; Споменка Иванова, ул. Никола Вукимир бр.4 Скопје; Љиљана Ивановска, ул.8ми Октомври бр.252Крива Паланка; Ротка Јакимовска, ул.Григор Прличев бр.29 Крива Паланка; Арсо Јакимовски, ул.Херој Карпош бр.230Крива Паланка; Бранко Јакимовски, ул.Пере Тошев бр.5Крива Паланка; Цветан Јакимовски, с.Длабочица Крива Паланка; Стојанка Јанковска, ул.8ми Октомври бр.72Крива Паланка; Цветан Јосимовски, с.Длабочица Крива Паланка; Слободанка Јовановска, ул.Ратко Минев бр.30Крива Паланка; Милица Јовева, с.КошариКрива

Паланка; ЈП Комуналец Крива Паланка, ул.Илинденска бр.17Крива Паланка; Јованка Китановска, ул.Херој Карпош бр.9Крива Паланка; Саве Китановски, с.МождивњакКрива Паланка; Салвет Куртишовска, ул.Ратко Минев бр.50Крива Паланка; Министерство за финансии, Управа за јавни приходи – Регионална Дирекција Штип, Плоштад Слобода Штип, Ката Мицовска, ул.Климент Охридски бр.77Крива Паланка; Стојанче Мицовски, ул.Климент Охридски бр.77Крива Паланка; Лозена Митова, ул.11ти Октомври бр.65Крива Паланка; верка Митовска, ул.Димитар Влахов бр.15Крива Паланка; Драга Митровска, с.ГабарКрива Паланка; Фонд за здравствено осигурување на РМ – ПЕ Крива Паланка, бул.Македонија бб Скопје; Мита Павловска, ул.Ацо Шопов бр.11Крива Паланка; Десанка Пешевска, ул.Илинденска бр23Крива Паланка; Верка Пешова, ул.Григор Прличев бр.18Крива Паланка; Дафинка Петровска, ул.Македонска бр.71Крива Паланка; Љупчо Петровски, ул.Лозановска бр.53Крива Паланка; Стамен Симеонов, ул.Херој карпош бр.31-2Крива Паланка; Венка Симеонова, ул.Херој Карпош бр.31Крива Паланка; Рајна Станоева, ул.Кочо Рацин бр.46Крива Паланка; Даница Станојковска,ул.29ти Ноември бр.9Крива Паланка; Перса Станојева, ул.свЈоаким Осоговски бр.151-41Крива Паланка; Душанка Стефановска, ул.Лисец бр.23Крива Паланка; Милица Стефановска, ул.Маршал Тито бр.75Крива Паланка; Николинка Стефановска, ул.Лисец бр.23Крива Паланка; Ратка Стефановска, ул.Кочо Рацин бр.29Крива Паланка; Јордан Стефановски, ул.8ми Октомври бр.169Крива Паланка; Љубинка Стојчева, Кадрифаново Свети Николе; Драгинка Стојчевска, ул.Ѓорче Петров бр.2Крива Паланка; Цветанка Стојановска, ул.Ратко Минев ббКрива Паланка; Митка Стојановска, ул.8ми Октомври бр.131Крива Паланка; Раде Стојановски, с.Конопница Крива Паланка; веселка Стојковска, ул.Коце Металец бр.3Крива Паланка; Љубинка Стојнева, ул.Кочо Рацин бр.48Крива Паланка; ДПТУ ЛИВЕБАГ 2016 ДООЕЛ, ул.Св.Јоаким Осоговски бр.7Крива Паланка;Веселка Јакимова, ул.Кочо Рацин бр.17Крива Паланка; Здравка Лековска, ул.Илинденска бр.35Крива Паланка; Милица Лековска, ул.Биљино бр.2Крива Паланка; Македонски телеком АД електронски телекомуникации Скопје, ул.кеј 13ти Ноември бр.13 Скопје; Рушка Младенова, с.Мартиница Крива Паланка; Радица Младеновска, ул.Херој Карпош бр.27Крива Паланка; ДПТУ ТИ-КО Прехрана ДООЕЛ Увоз-извоз Крива Паланка, ул.Маршал Тито бр.7Крива Паланка; Стефана Тодорова, с.КонопницаКрива Паланка; Стојанка Тодоровска, ул.Димитар Влахов бр.18Крива Паланка; Санде Тодоров, ул.Кочо Рацин бр.54Крива Паланка; Елза Величковска, ул.Иво Лола Рибар бр.30Крива Паланка; Славка Велковска, с.ЖидиловоКрива Паланка; Венка Китановска, ул.Григор Прличев бр.115Крива Паланка; Ивица Јакимовски, ул.Партизанска бр.22Крива Паланка; Комрцијална банка АД Скопје, кеј Димитар Влахов бр.4 Скопје; АД за производство на трикотажна облека Карпош конфекција во Стечај, ул.Маршал Тито Крива Паланка; министерство за финансии УЈП Регионална Дирекција Штип, Даночно Одделение Крива Паланка; ЕВН Македонија АД Скопје, РИК Силекс АД Кратово, ул.Гоце Делчев бр.75 Кратово; ДППУ Макинвест експорт-импорт ДОО Скопје, ул.Благоја Стевковски бр.14 Скопје; АД за производство и услуги КАРБО-НОВА АД Крива Паланка, ул.Маршал Тито бр.7Крива Паланка; Горан Димитровски, ул.Илинденска бр.29Крива Паланка; Христина Димитровска Илиева, ул.Наско Тамбурков бр.78Крива Паланка; ДПУТ Хантерс ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ул.Пандил Шишков бр.22 Скопје-Аеродром; Милан Ристовски, ул.Прохор Пчински бр.20Крива Паланка; Иван Велиновски, ул.св.Јоаким Осоговски бр.168Крива Паланка; ДППУ КАРМРЛА МАК ДОО експорт-иморт Скопје, ул.Благоја Стефковски брбб Скпје-Гази Баба; АД Карпош, ул.Маршал Тито Крива Паланка, ДПУТГМ ЕМВИ-Комерц ДООЕЛ-Струмица, ул.Невена Стојкова бр.2-Струмица; како непосредни соседи, се известуваат за донесеното

одобрение и се задолжуваат во рок од 8 дена од објавата да дојдат во просториите на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина да извршат увид во предметот.

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Општина Крива Паланка**

Одделение за урбанизам, сообраќај

и заштита на животна средина

Ред.бр СОДРЖИНА страна

1. Одлука за отпочнување на постапка за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Крива Паланка од сите ризици и опасности....................................................1
2. Заклучок за објавување на Одлука за отпочнување на постапка за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Крива Паланка од сите ризици и опасности2
3. Одлука за усвојување на Извештај за рабата на ЈП „Комуналец’ – Крива Паланка за 2022 година.....................................................................................................................................3
4. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за рабата на ЈП „Комуналец’ – Крива Паланка за 2022 година...............................................................................................4
5. Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2023 година...................................................................................................................................5
6. Заклучок за објавување на Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2023 година..........................................................................................11
7. Програма за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2023 година..........................................................................................12
8. Заклучок за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2023 година............................................................16
9. Решение за разрешување на член на Управниот Одбор на ЈП „ Калин Камен “ - Крива Паланка.17
10. Заклучок за објавување на Решение за разрешување на член на Управниот Одбор на ЈП „ Калин Камен “ - Крива Паланка...............................................................................................18
11. Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година................................................................................................29
12. Заклучок за објавување на Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година.........................................................................20
13. Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче во учебната 2023/2024 година на територијата на Општина Крива Паланка..........................................................21
14. Заклучок за објавување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче во учебната 2023/2024 година на територијата на Општина Крива Паланка.........................22
15. Одлука за давање на согласност за отпис на основни средства на СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка врз основа на Одлука на УО при СОУ„ Ѓорче Петров“ за усвојување на извештај за извршен попис на средства и извори на средства на крај на 2022 година во СОУ „Ѓорче Петров“.23
16. Заклучок за објавување на Одлука за давање на согласност за отпис на основни средства на СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка врз основа на Одлука на УО при СОУ„ Ѓорче Петров“ за усвојување на извештај за извршен попис на средства и извори на средства на крај на 2022 година во СОУ „Ѓорче Петров.......................................................................................................................24
17. Одлука за давање на согласност за отстапување на електронска и електрична опрема од СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка на ЕЛКОЛЕКТ ДОО од Скопје............................................................25
18. Заклучок за објавување на Одлука за давање на согласност за отстапување на електронска и електрична опрема од СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка на ЕЛКОЛЕКТ ДОО од Скопје...............26
19. Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на 2223подрачјето на Општина Крива Паланка...........................................................................27
20. Заклучок за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на 2223подрачјето на Општина Крива Паланка.........................................................28

21. Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на водотеците Дол „Бабин Дол“, „Дол Житен Склад“, „Дол Грамаѓе 4“ и Дол „Ицев Дол“во градот Крива Паланка опфатени со урбанистички планови.........................................................................................................29.
22. Заклучок за објавување на Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на водотеците Дол „Бабин Дол“, „Дол Житен Склад“, „Дол Грамаѓе 4“ и Дол „Ицев Дол“во градот Крива Паланка опфатени со урбанистички планови.........................................................................................31
23. Одлука за изменување на Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Крива Паланка бр. 09-3718/29 од 30.09.2022 година.............................................................................32
24. Заклучок за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Крива Паланка бр. 09-3718/29 од 30.09.2022 година.........................................33
25. Одлука за донесување план за парцелација составен дел на Урбанистички Проект со план за парцелација за Локалитет до Езерце КО Б`С, Општина Крива Паланка..........................................34.
26. Заклучок за објавување на Одлука за донесување план за парцелација составен дел на Урбанистички Проект со план за парцелација за Локалитет до Езерце КО Б`С, Општина Крива Паланка........................................................................................................................................35
27. Одлука за за донесување на Урбанистички план вон населно место за изградба на Б5.1-хотелски комплекс, А4.1-згради со апартмани и студија, А4.3 викенд куќи на КП483/1, КП483/2, дел од КП483/3, КП485/8, КП485/9, КП485/10, дел од КП485/1, дел од КП487/1, дел од КП5408 КО Б`с и КО Кркља Општина Крива Паланка........................................................................................................36
28. Заклучок за објавување на Одлука за за донесување на Урбанистички план вон населно место за изградба на Б5.1-хотелски комплекс, А4.1-згради со апартмани и студија, А4.3 викенд куќи на КП483/1, КП483/2, дел од КП483/3, КП485/8, КП485/9, КП485/10, дел од КП485/1, дел од КП487/1, дел од КП5408 КО Б`с и КО Кркља Општина Крива Паланка................................................................38
29. Одлука за усвојување на Извештај за спроведување на Програмата за развој на Центарот за развој на Североисточен плански регион за 2022..............................................................................39
30. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за спроведување на Програмата за развој на Центарот за развој на Североисточен плански регион за 2022...........................................40
31. Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа со Финансов извештај на Центарот за развој на Североисточен плански регион со завршна сметка за 2022................................................41
32. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа со Финансов извештај на Центарот за развој на Североисточен плански регион со завршна сметка за 2022..42
33. Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 6651/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка .......43
34. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 6651/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка........................................................................................................44
35. Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.5115/4 во КО Жидилово, Општина Крива Паланка.................45
36. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.5115/4 во КО Жидилово, Општина Крива Паланка..........................................................................................................46
37. Статут на Општина Крива Паланка –пречистен текст ........................................................................47
38. Заклучок за објавување на Статут на Општина Крива Паланка –пречистен текст...........................77
39. Јавна објава ..............................................................................................................................78